**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владо Бучковски, Неждет Мустафа, Марјан Додовски, Љубчо Георгиевски, Лазар Китаноски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи и Илинка Митрева ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по општиот претрес по Деветтата точка - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Има збор господинот Слободан Најдовски. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Нема претставник на Владата, претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Сега го видов претставникот на Владата.

Дајте позвонете уште еднаш.

Ќе го почекаме малку, сега го видов во ходниците.

Нека позвонат уште еднаш.

(Во 12,13 часот дојде министерот за финансии)

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре.

Во мојата дискусија ќе се обидам да дискутирам за предложениот ребаланс на буџет, велам ќе се обидам од едноставна причина заради тоа што веќе расправата која се водеше по комисии во Парламентот на Република Македонија би рекол “невалидна” заради тоа што ние повеќе не расправаме за предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за буџетот за 2006 година односно ребалансот, бидејќи со новопредложениот амандман кој денеска пристигна од Владата на Република Македонија, ние имаме целосно нов предложен закон за изменување и дополнување на Буџетот односно нов ребаланс.

Со ова, ние пратениците сме доведени во една ситуација која е резултат на конфузијата во Владата на Репулбика Македонија по однос на предлагањето на ребалансот за 2006 година. Но, сепак би рекол дека расправата по ребалансот на Буџетот треба да ни даде одговор на Буџетот од два аспекти.

Прво, тоа е оценка на претходната Влада бидејќи дел од трошењето на државните пари беше во периодот на претходната Влада и

Вториот аспект е како оваа сегашна Влада, Владата на ВМРО ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери планираат да го трошат вишокот на приходи кој го оствари претходната Влада.

По однос на првиот дел за оценката на претходната Влада низ расправата низ бројки и аргументи треба да дојдеме до одговорот на прашањето дали претходната Влада расипнички се однесувала кон трошење на државните односно парите на граѓаните онака како што сакаат да претстават министрите во Владата на Репулбика Македонија.

Второ, одговор на прашањето дали е воспоставена финансиска дисциплина во Репулбика Македонија последните години, а посебно во периодот за кој се однесува ребалансот.

Трето, колку беа точни тврдењата и во предизборната кампања, а и подоцна од страна на ВМРО ДПМНЕ, посебно од господинот премиер Никола Груевски дека енормно се зголеми бројот на вработени во државната администрација односно исплатата на плати на вработените кои земаат плата од Буџетот.

Тоа е за првиот аспект, а вториот аспект реков како планира сегашната Влада да ги распореди околу шест милијарди денари поголемиот предложен буџет со ребалансот?

За првиот дел по однос на одговорноста на поранешната Влада за трошењето на финансиските средства прво што покажува ребалансот е дека воопшто не држат тврдењата на министрите во сегашната Влада дека постоела финансиска дисциплина и дека наследиле празна каса. Ќе се обидам тоа да го покажам низ бројки и низ делот кој е и од експозето на министерот за финансии и од текстуалниот дел кој е напишан во ребалансот.

На страница 5 постои една констатација предложена и напишана од оваа Влада. Цитирам: “ во периодот јануари - јули остварени се повисоки приходи од данок на добивка за 813 милиони денари односно 38%” што, потенцирам, резултира од позитивните придвижувања во економијата во претходната година. Ова го тврди сегашната Влада. Тоа покажува дека наспроти критиките кои до сега ги слушавме од Владата како што реков во предизборниот и овој период дека економијата е во катастрофална состојба, сега истата Влада во текстуалниот дел ни кажува дека новиот ребаланс е резултат на поголемите приходи и позитивните економски движења од претходната година. Тоа не значи дека ни е сјајна економската состојба, но факт е дека сега конечно се признава дека има позитивни движења во економијата во Репулбика Македонија.

Ако ги погледнеме бројките по однос на приходната страна во насока на моето тврдење има уште неколку аргументи, бројките покажуваат дека приходите јануари-јули се зголемени за 813 милиони денари од данок на добивка. Зголемени се за 121 милион од персонален данок. Во истиот дел сегашната Влада го дава образложението дека има зголемени приходи од персонален данок заради зголемен број на вработени во Репулбика Македонија и зголемени плати. Тоа е еден аргумент кој потврдува дека позитивните текови сега ги признаваат. Или бројките по однос на приходи од акцизи од лани се поголеми за 0,7%, а помали од планираните 5,9%, што значи и на тој план имаме позитивност во однос на претходната година.

Што се однесува на неданочните приходи кои во овој период не се остварени, точно е, тоа е како резултат на неисплатената дивиденда од Телеком која треба да следува, како што сега можеме да слушнеме од Владата дека веќе преговараат за авансно или позајмица или не знам како за исплата на дивидендата од Телеком.

Би завршил со таа приходна страна со тоа што покажува дека во Репулбика Македонија е воспоставена финансиска дисциплина на страната на приодите и прибирањето на парите во Буџетот.

По однос на расходната страна постојано слушавме дека се правени многу поголеми трошоци во Буџетот на Репулбика Македонија и дека се наследени таканаречени дупки. Но, на страница 6 во текстуалниот дел кој го дава оваа Влада стои цитирам: “реализацијата на тековните расходи е согласно планираната динамика за овој период од годината”. Сега го поставувам прашањето ако е така од каде тогаш тврдењата дека се правени поголеми трошоци од планираните и дека има дупки во Буџетот. Или во Владата не прочитале што напишале или кога ги виделе бројките и кога паѓаат во вода сите нивни досегашни тврдења сакаат со лажни изјави да го оправдаат нерационалното трошење на буџетските пари до крајот на годината предвидени со ребалансот.

Со министерот за финансии дискутирав на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Комисијата за финансирање и буџет без бројки од страна на министерот беше тврдено дека ги пречекориле многумина од одговорните функционери - корисници на буџетските средства, своите надлежности.

На комисиите, а и сега го повикувам министерот да преземе мерки за одговорност на сите оние кои ги пречекориле. Во тоа до сега, барем од страна на Владата, не не убедија, а ќе му прочитам, но повеќе за јавноста, во Законот за изршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година во членот 4 стои: “Буџетските корисници и единките корисници не смеат да преземаат обврски и да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот”.

Господине министре целосно ја имате мојата поддршка ако некој работел против законот за извршување на Буџетот. Но, во тоа не верувам дека некој ќе преземе такви акции.

Во насока на моето тврдење се следните аргументи:

Во ребалансот на Буџетот ќе погледнете расходите за стоки и услуги се реализирани во првите седум месеци со 55% од планиратените за цела година. Дали тоа не зборува доволно дека тие, ако оваа бројка е точна, а точна е затоа што вие сега ја изнесувате, дали не зборува доволно дека не се точни тврдењата за надминување на лимитот кој е одобрен со Буџетот.

Трансферите во ребалансот велите дека се извршени исклучиво со планираната динамика.

Капиталните расходи во овој период се извршени со 46%, што значи остануваат многу повеќе средства од планираните за тој период за кој требало да се користат.

Согласно со она што вие го кажувате во ребалансот на Буџетот, централниот Буџет, согласно приходите и расходите во јануари - јули имаат 731 милион денари суфицит. Притоа, редовно се сервисирани домашниот и странскиот долг. Сето ова што го кажувам стои во делот во текстот кој што вие ни го предложивте. Ако е така, зошто тогаш изнесувате во јавноста сосема други политички изјави, би рекол, а не изјави кои што се темелат на аргументи и бројки. Во насока на ова ќе го потврдат и следните бројки. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување има 3,9% повеќе поголеми приходи од планираните и 9,6% повеќе од минатата година. Притоа, успешно е изведена реформата за воведувањето на таканаречениот втор или трет столб, како што е со приватните пензиски фондови. И, сега, како резултат на таа успешност на изведувањето на реформата од овој ребаланс се предвидуваат повеќе од планираните средства за трансфер со пензискиот фонд, мислам дека околу 500 милиони денари, но како резултат на успешна реформа во пензискиот фонд. На Комисијата министерот го објаснуваше тоа дека дел од лицата кои што се зачлениле во приватните фондови не биле добро информирани и дека нема да имаат корист од зачленувањето во приватниот пензиски фонд. Само би напоменал дека тоа не е надлежност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, туку тоа си го спроведуваа двата приватни пензиски фондови кои што беа избрани преку свои агенти.

На крајот, Фондот за здравство ги остварил приходите со 55%, а расходите со 60,5%. Дефицитот кој што се јавил во Фондот за здравство од 738 милиони, сепак, тоа се планирани средства кои што се од продажбата на градските аптеки, што значи не постоел дефицит, туку тие средства се потрошени и сега само се билансираат во новиот ребаланс.

Од сето ова по однос на досегашното однесување на претходната влада, бројките,

фактите и аргументите покажуваат дека Владата до 5 јули или до нејзиниот избор на 26 август домаќински и законски се однесувала во трошењето на Буџетот и се создадени предуслови за позитивни економски движења. Токму како резултат на тоа, дами и господа, денес расправаме за ребаланс поголем за 6 милијарди во однос на буџетот кој што беше изгласан на крајот на минатата година.

Сега се поставува прашањето како оваа Влада ќе ги троши тие 6 милијарди денари наследени од претходната влада.

Прво што ќе ви падне во очи кога го разгледувате во предложениот ребаланс, зборувам за она како што беше до денес, некои бројки во предложениот амандман се изменети, но за тоа ќе зборувам подоцна, па ќе се покаже дека Владата навистина е во конфузија кога го предлага овој ребаланс за Буџетот. Најголемиот дел на предложени ставки кои што се зголемуваат во ребалансот, се ставките од кои што тешко може да се види нивната намена или е многу големо влијанието на таканареченото дискреционо право на раководителот на буџетските корисници.

Во првичниот текст на ребалансот, има бројки со кои што ова мое тврдење само ќе го потврдам. Тековните резерви се зголемуваат за 87 милиони и 200 илјади, ситен инвентар се зголемува за 126 милиони денари, поправки и тековно одржување се зголемува за 339 милиони денари, договорни услуги, ние велиме милијарда и 515 милиони денари, министерот вели милијарда и 350 милиони денари, иако тука не се согласуваме, значи се преку милијарда и 350 милиони денари. Други тековни расходи 100 милиони денари и ова посебно ќе го потенцирам, мебел, опрема и возила се зголемува за 675 милиони денари. Оваа Влада, овој премиер, господин Никола Груевски и во предизборието и овде на оваа говорница во своето експозе вети пред сите граѓани на Република Македонија дека нема да има зголемување ставката за мебел, опрема и возила, туку напротив таа ќе биде нула во следната година, а не дочека да дојде следната година на крајот на оваа година ја зголемува за 675 милиони денари. Само во овие ставки кои што ви ги набројав, уште еднаш ќе потенцирам се скриени за да се види точно каде се трошат парите на граѓаните, вкупниот износ е 2 милијарди 885 милиони денари. Во врска со ваквиот начин на распоредот на финансиските средства, ние од ЛДП во комисиите, а одржавме и прес и укажавме дека нерационално е ваквото трошење на средствата од буџетот. Секој ден на комисиите во Собранието, во јавноста министерот за финансии и Владата излегуваа со различно образложение. Првиот ден на Комисијата за труд и социјална политика рекоа дека не знаат точно каде ќе се наменат. Вториот ден на Комисијата за земјоделство се обидоа да кажат дека претежно средствата ќе бидат за субвенции во земјоделството, за да третиот ден на Комисијата за економија да излезат со сосема други образложенија и кажуваат дека 930 милиони за договорни услуги, 200 милиони во печатење и осигурување. Сето тоа покажува дека и со ваквите објаснувања се имаше една цел, да се затскрие од нерационалното распоредување на вишокот на средства остварен во Буџетот на Република Македонија. Сето тоа го објаснуваат со две тези. Првата е дека ребалансот ќе ги покрива старите долгови во Буџетот и судските решенија. Втората е дека ќе даде поголеми средства за земјоделството од Буџетот, посебно за тутунот. Сега, најновото образложение е и од вчера дека треба да се покрие односно да се обезбедат финансиски средства за да не се случи енергетска криза во Република Македонија. Ниедна од тезите не држи. Тоа ќе го аргументирам со следното. За првата теза, за старите дупки зборував на почетокот на мојата дискусија, а денес со денешниот амандман Владата само уште еднаш потврдува дека тоа не е точно ако тогаш кога објаснувавте дека треба да се покриваат старите дупки, зошто тогаш токму од тие ставки денес најмногу одвлекувате пари со новиот амандман. Напротив, тоа покажува дека сте сакале тие средства нерационално да ги трошите.

Следното е околу судските решенија. Со министерот за финансии на две комисии расправавме и јас го замолив заради пратениците, заради јавноста да каже за кои судски решенија, од кога се тие судски решенија и за кои спорови. На една од комисиите министерот кажа за изгубениот спор со ГАМА. Изгубениот спор со ГАМА како што самиот кажа е од пред 7 години. Зошто тогаш ја обвинувате оваа Влада која што беше од 2002 до 2006 година. Некој грешката ја направил во 1999 или 2000 година, господине министре, па сега спорот заврши. Упорно го прашував за судското решение кое што е од 5,5 милиони евра од МАКПЕТРОЛ. Оваа Влада го изгуби тој спор и треба да се плати. Но се поставува ли прашањето за кога тоа се однесува. Се однесува за 2001 година кога во царината настана спор со увозот на деривати од страна на МАКПЕТРОЛ и кога министер за финансии, а царината е под Министерството за финансии, беше господинот Никола Груевски, сегашниот премиер. Тоа е 300 и нешто милиони судско извршување. Зошто сега треба тоа да и се префрли како грев на Владата од 2002 до 2006 година.

Уште еднаш би го замолил министерот, сите судски решенија кои што се за извршување да се објават, бидејќи секојдневно објавувате во весници по 4,5 страници, објавете го и тоа, сите судски решенија од кој период се и кој одговорен функционер во Република Македонија ја направил грешката што сега сме го изгубиле тој спор. Затоа мора да се тргне со име и со презиме и некој треба да одговара.

Сега, би се осврнал на вториот дел каде што велите дека се зголемуваат средствата од буџетот за тутунот. Расправавме неколку пати на Комисија за земјоделство, а образложението е

дека Владата во буџетот не предвидела средства, а презела обврска на тутунарите да им исплати премија. Точно е со буџетот кој што го донесовме кон крајот на минатата година не беа предвидени средства за премија. Владата во преговори со тутунарите вети 30 денари. Но, истовремено заради тоа што не беа предвидени средства во Буџетот, се донесе Законот за тутун со кој што се зголеми давачката по 3 денари од кутија цигари за обезбедување на тие средства. Располагаме со различни бројки, некој од пратеници располагаат со бројка од 60 милиони, министерот за финансии рече дека се прибрани 170 милиони денари, најновата информација е од петокот дека се собрани досега 180 милиони денари само по овој основ. Еве и 170 нека бидат, но, треба да имаме предвид дека следат уплатите за потрошените цигари во овие месеци, неевидентираните кои што се за октомври, за ноември и за декември. И сега, ако го зголемувате Буџетот за 330 или за 350 милиони денари за исплата по 15 денари, може да се дојде до констатацијата дека веќе половината пари се обезбедени не од Буџетот, туку се обезбедени од давачките за цигарите. До крајот на годината со оваа динамика јас не знам колку ќе се соберат, но гледајќи ги податоците за продажбата на цигари во ноември и декември минатата година, јас мислам дека уште подобри приходи ќе имате и скоро минимално ќе се одвојат средства од Буџетот за тутунот. Затоа, немојте да кажувате дека некој од Буџетот им дава на тутунарите. Не. Им даваат оние кои што пушат цигари од секоја кутија по 3 денари. Напротив, доколку Владата сака да ги исплати тие по 30 денари, веднаш може тоа да го направи. Ќе ви кажам како. Наместо мебел и опрема да имате толкава ставка, скратете ја за 300 милиони, доведете ја на ставката која што беше предвидена со Буџетот на Република Македонија, тие пари ќе се обезбедат за по 30 денари за тутунарите. Или пак, од трансферите за кои што не може да се види за каде ги планирате.

Во склоп на ова сакам да кажам дека ние од пратеничката група на ЛДП поднесовме амандман токму за ова и уште еден амандман по однос на платите на вработените во здравството кои што произлегуваат од колективниот договор. Ако вие одвојувате за мебел и опрема и зголемувате 675 милиони, ако за договорни услуги зголемувате милијарда и 315 милиони денари, како што велите, а ние велиме милијарда и 515 милиони денари, ако за поправки и тековно одржување зголемувате 339 милиони, тогаш од овие средства можете да ги обезбедите 130-те милиони кои што се потребни до крајот на годината за исплата на платите во колективниот договор за вработените во здравството. И тука ќе кажам дека тие пари не се од Буџетот. Според Законот за здравствена заштита кој што го изменивме, 408 милиони мислам дека до петокот беа собрани од давачката која што е за здравство. Е, сега, оваа Влада тие пари ги пренаменува.

Околу тврдењето дека Владата преходна во време на предизборието масовно вработувала свои партиски кадри во администрацијата. Гледајќи го ребалансот на Буџетот, вкупната маса на плати која што беше предвидена со Буџетот, сега е намалена. Што тоа зборува, при зголемени плати? Ако се зголемуваше и бројот на вработени, како што вие тврдевте, тогаш вкупната маса на плати ќе се зголемеше. Дефинитивно, и тоа тврдење со овој ребаланс се покажува како неточно.

Она што сега сакам да го потенцирам е по однос на амандманот кој што денес и вчера попладне Владата го поднесе. Ќе повторам уште еднаш, ова во македонскиот Парламент досега не се случило за овие 15 години. Со амандман се изменуваат суштински и целосно целокупниот предложен ребаланс на Буџетот на Република Македонија. Со овој амандман целосно се девалвира Собранието на Република Македонија и се девалвира расправата по комисиите, затоа што ние ќе испадне на крајот дека залудно сме расправале.

Предложениот амандман целосно ја менува структурата на ребалансот на Буџетот. Тој претставува 25% од вкупната сума која што е предложена за ребалансирање со Предлогот на законот.

Сега, се поставува едно прашање. Кога Владата планираше реално. Тогаш кога ни го предложи пред 20-тина дена ребалансот на Буџетот или сега кога ни го предлага амандманот. Кога ги направиле превидите, енергетската криза. Тоа е друго прашање за кое што треба да разговараме и на Комисијата за економија пратеничката Верица побара да имаме информација од Владата и да разговараме и за енергетската криза. Но, сега со овој амандман кој што го предлагате кога ги предлагавте реалните трошоци, пред 20 дена или сега. Кога за 20 дена се измени ставката за опрема и мебел, она што ви го зборувавме и на прес-конференција како ЛДП и она што го зборувавме на комисиите, го прифативте господине министре, но не сакате тоа да го кажете во јавноста. Ве замолив на Комисијата за земјоделство, со предложениот амандман да ни ги дадете сега како ќе изгледаат ставките во централниот буџет. Вашето оправдување е дека тоа нема доволно време и дека со тоа ќе се оддолжи расправата. Не, господине министре, за половина ден вашите вработени во Министерството тоа ќе го направат. А, од кога заврши Комисијата до сега за 5 минути ви реков без дигитрон ви пресметав 153 милиони ја намаливте ставката за опрема и мебел. Зошто тогаш не го прифаќавте на Комисија размислувањето на ЛДП. Или каде ги планирате тие трошоци тогаш, а сега што ги скратувате. Да не зборувам за ред други кои што сите се во тие ставки за кои што јас ви зборував, со исклучок на оние од земјоделството 167 милиони денари. На Комисијата за земјоделство кажувавте дека се

неопходни средствата кои што тогаш ги кажувавте за субвенции, од 200 милиони за пченицата, 65 за јачменот, 25 за лозови насади, 350 за тутунот, сега ги намаливте 167 милиони во земјоделието, од кои што рековте половината 80 милиони се од таа ставка за субвенции.

А истовремено, кажувате дека и понатаму ќе се сервисираат трошоците и нема ништо да претрпат проектите, ако се одземе делот за градежни објекти. Укажував на Комисијата за земјоделие тие средства како ќе ги потрошите. Велевте дека се испланирани. Сега ги намаливте, за сега да погледнеме дека вчера излегувате со изјава дека министерот за земјоделство дека веќе го поднесе барањето за кредитот со Јапонската влада за Злетовица, а денеска ни предлагате амандман што после 40 милиони денари од Злетовица ги намалувате. Образложението за овој амандман вчера на министерот беше дека ова е резултат на тоа што претходното раководство на МЕПСО, или ЕЛЕМ, МЕПСО мислам дека требаше да го распише тендерот и заради тоа што ќе имаме намалено производство на електрична енергија.

Сакам да ве потсетам и вас дами и господа пратеници, а и јавноста. Многу брзо заборавате, само неколку денови после завршувањето на изборите на 5 јули, кога ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата победи. Оддржавте неколку пресконференции на кои што експлицитно ги повикавте сите функционери во Република Македонија да не распишуваат никаков тендер, бедејќи во спортивно, кога ќе настапи новата Влада ќе превземе мерки за одговорност. Токму ВМРО-ДПМНЕ одржа таков прес. Сега се прашувате зошто немаше тендер. Или уште по пластично да ви кажам. На 5 јули завршија изборите. На 6 јули, дали самоволно или со директива, не знам, два тројца претставници од сегашното раководство на РЕК Битола влегоа во канцаларијата на директорот и му кажаа дека имаат наредба да се престане со било каков договор, да се престане со било какви набавки. Да се престане со било каква работа. Што сега го поставувате прашањето зошто немало тендер. Вие тоа го баравте, никој друг.

Врз основа на овој амандман кој вие го предлагате на МЕПСО ќе и дадете 1,2 милијарди денари од парите на граѓаните. Тие пари нема да одат во МЕПСО, ќе одат во ОКТА. Онака како шт се досега изјавите од Владата. Ако нешто изменат, бидејќи секој час менуваат, тоа е друго прашање. И напишана е ставката 1 милијарда и 200 милиони субвенција за јавни претпријатија. Ова зборува уште повеќе. Прво, МЕПСО не е јавно претпријатие. Мене како што ми е познато МЕПСО е акционерско друштво во држава сопственост, а не јавно претпријатие.

Второто прашање кое што се поставува, зошто субвенција. МЕПСО од купениот мазут и од активирањето на термоцентралата Неготино ќе наплатува од потрошувачите. Што значи, ќе заработи пари. Се прашувам сега врз основа на кој закон Владата и врз основа на што тие пари му ги остава на МЕПСО. Се повеќе, да не бидам премногу сигурен, еве господинот Иванов вели и циничен, но се повеќе ми личи дека иако има проблеми со снабдувањето на електрична енегрија многу повеќе се создаде политички проблем, за да се оправдаат некои трошоци што допрва треба да се направат од оној момент кога е извршено примопредавањето во РЕК Битола се гледа, јас имав можност да видам, не тврдам дека е сто посто точно, некаде околу 230 илјади тони јаглен е оставен. За да веднаш наредниот ден кога стапи новото раководство, односно десетина дена после тоа да тврдат дека се 80 илјади тони јаглен.

Јас немам право да им верувам ни на едните ни на другите. Но од она што можев како документ да го погледам е доста дискутабилно и што со тоа сака да се постигне.

На крајот на краиштата, зошто мазутот да се набави од ОКТА. Јас очекував денес или утре ВМРО-ДПМНЕ да одржи прес-конференција. И исто, како што беше за набавката на нафтата пред кризата во Ирак, иако беше набавена согласно Законот за државни стоковни резерви и сега да одржи прес и да каже зошто не е со тендер. Или сега треба да се реализира договорот со ОКТА кој што беше пред 2002 година и да се обезбедат тие финансиски средства.

На крајот, мојот заклучок е дека разгледувајќи го ребалансот на Буџетот, може да се дојде до констатацијата дека оваа Влада наследи финансиска дисциплина од претходната Влада која резултира со вишок на приходи и рационално и законско трошење на Буџетот. Наспроти тоа, во предложениот ребаланс кој што постојано се менува, можеби до утре повторно можат да го изменат се предлага распоредување на тој вишок од 6 милијарди во задскриени нерационални трошоци.

Од тие причини, нема да гласам за овој ребаланс и пратеничката група на ЛДП нема да гласи и би било најдобро господине министре согласно предложениот амандман во текот на денешниот ден да ни доставите како сега ќе изгледа структурата на ребалансот на Буџетот.

И она што сакам господине претседателе да се обратам кон вас. Со предложениот амандман настана суштинска промена, настана ситуација во која што пратениците се спречени да можат да влијаат врз предложените ставки на трошоци.

Барам од вас објаснување, со оглед на тоа што има поднесени амандмани на претходниот ребаланс, Владата со овој амандман фактички, ги анулира сите наши предложени амандмани.

Барам од вас дали повторно ќе постапите, како за Законот за полиција и Владата ќе ги девалвира пратениците и комплет македонскиот Парламент, или пак ќе дадете можност на овој амандман кој што сега е поднесен да можеме да реагираме да поднесеме соодветни амандмани, кои што не би се разликувале со ништо повеќе од оние кои ги предложивме, со оглед на тоа што

Владата драстично ги измени бројките за кои се однесуваат амандманите. Согласно Деловникот ние тоа право, убеден сум како пратеници, го имаме. Но, поучени од тоа што ни го направивте со Закнот за полиција, барам од вас да ни одговорите дали ние воопшто да поднесуваме амандмани и како тогаш ќе ги третирате поднесените амандмани. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Прво моето објаснување, па ќе продолжиме.

Во член 166, по исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот по Предлогот на законот, ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот, што се измениле поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани. Пишува совршено јасно. Јас се надевам дека амандманите што ќе ги поднесете после овој амандман на кој имате право ќе имаат во својата содржина, во својата цел и во својата намена определени усогласувања. А бедејќи, тука се работи за буџетско усогласување, сигурно би требало тоа да го имаат затоа што ќе се работи за сите. Тоа е тоа. Јас уште еднаш ако сакате ќе ви го прочитам. Секако дека имате право, но секако дека тие амандмани не можат да бидат без никаква врска со амандманот што дојде од Владата, како што имавме прилика некои од нив и да бидат. Тоа е моето објаснување.

Сега, Јани Макрадули реплика ли баравте.

**Јани Макрадули:** За збор се пријавив.

**Љубиша Георгиевски:** Китановски Илија, реплика или збор. (реплика)

А Тале Герамитчиоски за реплика или збор. (за збор). Има една реплика. Има ли други реплики. Ако има сега пријавете се. (нема)

Повелете господине Китановски, три минути реплика на излагањето на господинот Слободан Најдовски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе,

Мојата реплика се однесува на делот на обраќањето на господинот Најдовски околу последниот владин амандман, односно околу одвојувањето на средства од Буџетот за справување со енергетската криза што е можно да се појави, благодарение на претходното неспособно и корумпирано раководство на ЕЛЕМ, кое што ја доведе државата во оваа ситуација во која што е сега. Значи, не е причина тоа што наводно ВМРО и раководителите на ВМРО им рекле на вашите директори во ЕЛЕМ да не вршат набавки. Можеби им рекле да не вршат набавки и тендери од типот на пицерии и автоперални да прават ремонт во РЕК Осломеј во вредност од 1 милион и 200 илјади евра. Веројатно, тоа им го рекле, но за тоа ќе си го кажат зборот органите кои што се надлежни за тоа. Меѓутоа, за такви тендери и за такви набавки сигурно дека им рекле и добронамерно е, за да не прават циркус и од ЕЛЕМ и од државата.

Второ, она што е моментална ситуација и тоа што актуелното раководство на ЕЛЕМ го затекна во двата најголеми производни комбинати РЕК Битола и РЕК Осломеј, ќе зборувам повеќе за РЕК Осломеј. Значи, во моментот кога новото раководство дојде на таа одговорна задача, констатираат дека во депонијата за резерва на јаглен, која што мора да има најмалку 30 до 45 дена резерва на јаглен за 30 до 45 дена работа на електраната. Во моментот имаше резерва на јаглен за три дена. Тоа значи дека едно штравче, што постојано нормално се случува на таа трака долка 5 километри да се скине, електраната ќе излезе од погон.

Втората причина е што за прв пат, откако е изградена електраната Осломеј, не е извршен ремонт. Ние како партија, ако се сеќавате реагиравме на тоа додека бевме опозиција зошто и заради кои причини не се врши за прв пат годише ремонт на електраната. Беше објаснето со некои дивијални причини. И сите овие работи се причина производството на електрична енергија од нашите најголеми капацитети се дојдени во таква ситуација што дневното задоволување на нормалната потрошувачка, значи не во зимските месеци, не во шпицовите е доведено во прашање. Во ред е опозицијата и пратениците да зборуваат и да бараат објаснување, да критикуваат итн. Меѓутоа, како бивша власт најмалку е упатно вие да делите лекции овде и да кажувате зошто граѓаните преку Буџетот треба 20 милиони евра да плаќаат за ЕЛЕМ да се врати во таа кондиција. Тоа е заради криминалот што тоа раководство на ЕЛЕМ го правело. Подобро е на таа работа да не долевате сол на раната што ја направиле вашите функционери господине Најдовски.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине Китановски ние се познаваме од претходниот состав и еве јас и сега ви кажувам. Секој, што неодговорно се однесува и што го прекршува законот, ќе ве поддржам да го повикате на одговорност и да преземете соодветни дејствија кои што се потребни и никого не штитам. Но, јас велам и зборувам со аргументи. На 07.11.2002 кога дошло новото раководство во РЕК, обврските на РЕК изнесувале 1 милијарда 296 милиони денари. Сега кога извршиле примопредавање на 30.09.2006 обврските се 420 милиони денари. Тоа можете да го споредите.

Второто, овде пишува состојба на ден кога е извршено примопредавањето. Состојба на јаглен 296 илјади метри кубни што одговара на 236 илјади и 800 тони јаглен. Јас така ги гледам тие бројки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Претседателе, министри и почитувани колеги,

Дозволете да го изнесам своето мислење за предложениот ребаланс на Буџетот. Пред да

започнам би сакал да упатам еден апел до претседателот на Собранието и до пратеничките групи да се создадат услови Комисијат за финансии и Буџет да работи, затоа што како што првите две седници почнаа, а не се одржаа, станува сосема очигледно дека Комисијата за финансии и Буџет овој мандат нема да работи и нема да има институционална можност да се состане заради програмите со употребата на јазикот. Знаејќи од искуството во Парламентот дека Министерството за финансии е ресор кој најмногу го полни дневниот ред, остануваме со една од клучните комисии да не работи. Тоа не знам како би се надминало, ако нешто не се преземе и не се разговара. Вака, нема да можеме ништо да работиме.

Сакам да го изнесам своето мислење и сакам да го уверам министерот за финансии кој го слушнав на телевизија на една изјава. Некои од критиките на опозицијата ги нарече злонамерни. Јас сакам да го уверам дека нема ништо злонамерно во различните мислења и дека секое мислење изнесено од говорницата или на комисија треба да се сфати како добронамерно, барем во мојот случај, или различно видување, со кое не мора да се согласите.

Прво, во врска со ребалансот. Сакам да ја поздравам политиката на Владата, која ја искажа министерот во експозето по ребаланс на Буџетот, при што, цитирам соопшти дека поставените цели на фискалната политика за 2006 и понатаму остануваат непроменети, односно во целост дизајнирани во функција на остварување на стратешки приоритети на Владата. Тоа го поздравувам и ќе ве подржувам секогаш кога ќе ја водите политиката за која сте надлежен вие и Владата во таа насока која вчера ја искажавте. Веднаш да кажам зошто. Затоа што ако во темниот извештај на Европската унија што го добивме вчера прочитавте што се случува со македонските реформи, нема да имаме многу насмевки. Меѓутоа, ако прочитате што кажуваат за оваа работа ќе го прочитате следново, цитирам, од извештајот на Европската комисија доставен вчера: “Како резултат на солидна комбинација на политики, се зголемија макроекономската стабилност и предвидливоста на економијата. Инфлацијата остана под контрола. Сметките на јавниот сектор се одржуваат блиску до рамнотежа и релативно ниско ниво на јавниот долг и понатаму се намалува”. Затворен цитат. Тоа вие го искажавте вчера и како ваша определба и ќе ве подржам секогаш кога тоа ќе го правите.

Друг цитат: “Приватизацијата на претпријатијата во државна сопственост продолжи”. Ќе ве подржам секогаш кога тој процес ќе го продолжите, иако сметам дека Владата тука процесот го запре. Ќе кажам и зошто. А во сферата на енергетскиот сектор совршено стана јасно дека Владата ќе ја запре целосно приватизацијата.

Друга реченица, цитирам: “Стабилноста на финансискиот сектор се подобри”. Нема квалификација како одлична, но се подобри. И клучната реченица:”Економската интеграција со Европската унија на државата, добро напредува”. Се разбира, има некои критики.

Од тој аспект гледано, повторно кажувам дека ја поздравувам политиката да продолжи на оние политики кои доведоа до ваквата ситуација. Дали ќе се истрае на тоа, не можам да претпоставам. Со исчекување и со радозналост го очекувам Буџетот за 2007 година и макроекономската политика на Владата за 2007 и понатаму, за да видам што ќе се случува.

Зошто кажувам дека со нетрпение ќе го очекувам и со радозналост, меѓутоа, не со целосна извесност визави вашите најави.

На пример вие најавивте дека ќе ја намалите јавната потрошувачка. Со денешниот ребаланс јавната потрошувака во Република Македонија се зголемува за 2% од бруто домашниот производ, 6 милијарди денари се 2% од бруто домашниот производ. Ќе се согласите господине министер, почитувани пратеници, дека наспроти најавите на Владата дека ќе ја намалува јавната потрошувачка веќе после два месеци ја зголемува за 2%, тренд кој тешко ќе го издржи да го намалува во наредниот период затоа што создава ситуации на расходната страна што после не може да ги контролира. Се надевам дека ќе успее да го исконтролира во 2007 година. Меѓутоа, тоа значи дека ќе треба да се врати на постојните 33% за 2006 година, кои сега станаа 35% во јавната потрошувачка, со овој буџет, па да ги намали и нив за уште 2 до 3, колку што вети во изборната програма, на 31. Тоа значи дека од 2006 година, со ребалансираниот буџет, со идниот  што го ветивте, ќе имате 4% од бруто домашниот производ, потреба да намалите. Вие знаете, да ги известиме и пратениците кои не се упатени во тоа дека 4% од бруто домашниот производ се 12 милијарди денари. Затоа со нетрпение ќе очекувам дали тоа ќе го направите.

Во врска со стратешките приоритети кои ги искажавте, а тоа се макроекономската стабилност, стабилизирање на јавниот долг, релаксирање на монетарната политика. Кажав, тоа секогаш го поддржувам. Меѓутоа, најнапред кажавте, забрзување на интеграционите процеси со ЕУ и НАТО и тука мислам дека веќе произлегуваат првите дилеми затоа што буџетот и те како инструмент за забрзување на евроинтеграциските и натоинтеграциските процеси. Прво имаме извештај кој не води во правец на натамошна интеграција на Република Македонија. Се разбира дека читаме нешто од медиумите и изјавите. Се надевам, господине претседателе дека согласно заклучоците и одлуките на овој Парламент и праксата која се воспостави номинално дека многу брзо, во рок од незнам колку, еве јас лично мислам веќе во текот на ноември Собранието треба да расправа еднаш годишно, како што има донесено заклучок, за процесот на евроинтегрирање на Република Македонија односно овој Извештај да го ставите на дневен ред и Собранието да го расправа, се

разбира со мислење на Владата, затоа што во него се констатирани традиционални слабости и напредоци. Меѓутоа, она што загрижува е дека се констатирани процеси кои уште во првите сто дена Владата ги има преземено, а водат во насока обратно од тоа што ЕУ го бара од нас и овој Буџет не е во таа насока. Можеби некои од тие процеси не се буџетски, меѓутоа ќе го загрозат и тој процес, да не ги кажуваме кои се.

Вчера во живо ја слушнав потпретседателката на Владата, затоа што на медиумите обично не се потпрам кога цитираат или кога имаат свое мислење, бидејќи тоа што живо се слуша на телевизијата не може да биде манипулација.

Госпоѓата Коневска вчера ги обвини сите дека за ова се виновни, освен Владата на Република Македонија. Ги наведе обвинителите, судиите, минатото, иднината, полицијата, меѓутоа не ја спомна Владата, а таму, колку што знаеме има две-три клучни определби, токму политички потези на Владата, комуникација со опозиција, парламентарната демократија.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа, сепак уште не е на дневен ред.

**Никола Поповски:** Да и затоа завршувам со тоа.

Она што мислам дека во Буџетот за оваа година и во Буџетот за наредната година требаше да го видиме се две клучни работи кои министерот ги спомна како негативни трендови во 2006 година, кои за жал не запираат од јули наваму, бидејќи до јули имавме една Влада која ги изгуби изборите, но тоа е веќе ирелевантно, меѓутоа продолжуваат со несмалено темпо, наваму. Едното е падот на индустрискито производство кое, како што слушнавме нема да го прекорачи прагот од 2% или од 3% на годишна основа 2,2% е до првите девет месеци. Ако индустриското производство кое е најголем поединечен, ако услужниот сектор не го земеме како едно, а ние имаме обичај да гоземеме како едно цел услужен сектор. Тогаш индустриското производство со ¼ е главниот мотор во Република Македонија на растот на бруто домашниот производ, ако тоа расте со 2,2%. Ако имаме предвид што се случува токму во индустрискиот сектор во последниве два месеци, некои од клучните учесници во растот на индустриското производство, обоените метали или металната индустрија, очигледно дека ќе одат надолу затоа што Владата прекинува испорака на струја токму на тие капацитети. Тоа значи дека ќе имаме проблеми со растот и како што кажа и самиот министер на една прес конференција, изборните ветувања за растот од 6 до 8% просечно, веќе во првата година ќе се стопат и нема да постојат, односно ќе се вратат во реалноста. Второ, е најавата дека трговскиот дефицит во оваа година, ова го зборувам заради макроекономската стабилност и на тековната сметка и на дефицитот на Буџетот, според проекциите може да достигне 21,1% од бруто домашниот производ, што е превисоко ниво, имајќи предвид дека тој успеа да се сведе на 18-19% во минатите години, со многу напори. Сега се враќа на границата од 20%. Тоа ќе педизвика многу проблеми. Економистите знаат што зборувам, нема можност да се елаборира. Ваков раст на трговскиот дефицит ќе доведе до уште поригидна и фискална и монетарна политика во наредната година. Тоа е неминовно, затоа што 2-3% раст нагоре значи некаде околу 200 милиони долари нов дефицит на тековната сметка кој ќе треба некако да се контролира. Знаеме дека тоа ќе се направи преку фискалната и преку монетарната политика, односно тоа што Европската унија го вика солидна комбинација на политиките.

Јас, господине министер очекував, кога го соопштивте овој податок, да соопштите и мерки на фискалната политика и други политики кои ќе се обидат ова да го вратат назад. Такви мерки биле преземени, не биле никогаш популарни, се воведувале акцизи на увозот на возила и тие денес траат. Вашата партија вети дека веднаш по доаѓањето на власт тоа ќе го укине. Имате шанса, не ја искористувате, мислам дека правите умно што не ја искористувате, затоа што на пример симнувањето на она што беше предизборно ветување, на акцизата на автомобилите, трговскиот дефицит ќе ви го зголеми уште повеќе од овие 21,1% што ги планиравте во идната година. Она шро е најбитно, не гледам мерки за овие констатации во Буџетот. Се разбира дека срекната околност за падот на енергенсите, течните горива на светскиот пазар ни оди во прилог. Само да потсетам дека од над 74, во моментот колку што знам е некаде на 58 е падната нафтата. Тоа се огромни заштеди на Македонија. Само да потсетам дека 2005 година, на пример, колку што ми е сеќавањето, 120 милиони долари плативме повеќе за истиот увоз на нафта во 2004 година, количински изразено во илјади тони.

Меѓутоа, тоа што се случува со струјата во регионот, не на светскиот Пазар, во регионот, бидејќи таа не се транспортира од Саудиска Арабија или од други места, во Македонија, може да го поништи ова на друг начин. Затоа очекував дека мерките на економската политика и кажав како со тоа ќе се справат, особено, што ова вторрото ќе го врзе индустриското производство на најлош можен начин. Индустриското производство бавно напредува, нема снабдување со електрина енергија која е нучна односно нема раст на индустриското производство особено во секторите кои растат во Република Македонија заради односи на светскиот Пазар. Тоа е металната индустрија која е врзана со користење на енергенси, во својот код. Ако нема раст на индустријата, ако нема доволно снабдување со енергија, само ќе ни биде пуста илузија во Македонија да влезат странски директни инвестиции, затоа што кога ние зборувме за добра бизнис клима, зборуваме за бизнис клима во решени инфраструктурни односи и се лажеме кога постојано зборуваме ни треба патна и друга инфраструктура, а не сме ја

решиле основната, енергетската инфраструктура. Нема странски, нема домашни инвестиции без снабдување со енергија. Автоматски ќе нема ниту развој.

Само да спомнам дека во овој момент, Владата, со енергетски рестрикции загрози точно странски инвеститори, Скопски Легури, СИЛМАК и колку што слушнавме, не знам како се реализира, ФЕНИ ќе биде под удар, ако е тоа точно, на рестрикции. Сите три се странски инвестиции.

Ја имам предвид и изјавата на вториот поголем странски инвеститор во Република Македонија, тоа е ЕВН, кој даде едно соопштение за јавноста што мислам дека никој не го регистрираше на начин како треба. После одбивањето на Владата да прифати инвестиција од близу 1 милијарда долари во термоелектрична централа, за подобрување со снабдување со електрична енергија во Република Македонија, по мене зачудувачки одбиена, ЕВН даде соопштение дека ова не е во насока на привлекување на странски инвестиции и дека, што се однесува до ЕВН, секогаш има некои други држави каде нивните инвестиции ќе бидат добредојдени односно ако не се премислат. ЕВН во Република Македонија јавно соопшти дека инвестициите за сега ги става под мраз, што Владата треба да ја загрижи. Таквиот однос кон странските инвестиции нема многу да не влече напред.

Би сакал да искажам и неколку коментари за Буџетот што мислам дека сега како снег ќе ги покријат сите изјави на Владата, на министерот за финансии и на премиерот лично, дури и во неговиот инаугуративен говор во Собранието кога во една победничка еуфорија се исмејуваше со укажувањата на опозиционите пратеници, за некои од проблемите кои можат да настанат со таквата политика.

Сега да соопштам дека не е празна касата на државата и тоа е сосема очигледно, ако во рок од 1,5 месец имате 6 милијарди денари да извршите ребаланс на Буџетот нагоре. Очигледно сте наследиле средства со кои смешните забелешки на Владата дека имаме судско решение од 30 милиони, имаме судско решение во Владата на Република Македонија, 23 милиони со кои сме блокирани, сапун не можеме да купиме, стануваат смешни кога ребалансот ви оди 6 милијарди нагоре и во услови кога се соопштува, на пример, дека само данокот на добивка во оваа година ќе биде околу 50% од проекцијата во 2006 година плус собрани средства. Тие сигурно не се собрани во ноември и декември односно знам дека не се собрани и тоа го соопштувам. Очигледно касата не била празна и очигледно дека бил потребен само ребаланс за да се ребалансираат различните позиции и тоа редовно се прави во сите држави, особено во држави како Македонија, со многу динамични случувања.

Втората изјава беше дека има многу ненаплатени сметки. Ако има многу ненаплатени сметки, ребалансот ќе оди за тоа, нема да оди за зголемување на други расходни стапки кои Владата ги елаборираше тука, да не ги објаснувам, во земјоделието, мазут и тн. Секоја влада прво ќе ги наплати ненаплатените сметки.

Трето, тоа мислам дека го кажа и колегата Најдовски, министерот за финансии во неколку наврати соопшти јавно дека многу средства се потрошени над предвидените во Буџетот. Знаеме дека со Законот за извршување на буџетот, не можете, а трезорскиот систем во Република Македонија и не прифаќа извршувње над предвидената ставка. Ако имате сто милиони, вие не можете да потрошите 150. Ако некој потрошил на тој начин што кумулирал обврски кои не ги прикажал во трезорот, министерот за финансии треба да излезе и да соопшти во кои сектори тоа се случило и кој тоа го направил.

Четврто, оние смешни изјави, ќе повторам, смешни изјави на Влдата дека во предизборието се вработени неколку илјади луѓе, сега резултираат со ребаланс што средствата за плати и придонеси на вработените во јавната администрација, во Буџетот ги ребалансира надолу. Тоа го кажа и господинот Најдовски. Не може да имате нови вработени, а средствата за плати да ги ребалансирате надолу. Очигледно нема нов прилив на вработени, туку има и помалку од колку што било предвидено.

Оваа година се соочуваме со најава на министерот, за која ќе мора да исчекуваме, дека Телеком ќе има девидента на ниово на минатогодишната. Денес или вчера прочитавме во весниците на кои неможеме да се потпреме, дека ќе биде позајмица од Телеком. Би било добро да слушнеме од министерот за финансии која е правата вистина со средствата од Телеком, затоа што средствата од Телеком стануваат еден вид морфиум во буџетската политика. На почеток не ги предвидувате. После преговарате со Телеком, затоа што тие не можат да предвидат кога вие го подготвувате Буџетот во октомври - ноември, доаѓа годината, заминува мај, тие веќе ги имаат пресметките и тогаш ви соопштуваат колку тоа е и обично додавате 2 милијарди. Минатата година тоа се случи, беше другиот состав, Владата се одлучи средствата да ги насочи во инвестиции. Оваа година средствата кои се ветени не гледам дека се насочени во инвестиции. Инвестициите паѓаат надолу. Значи уште едно изборно ветување на стаклени нозе.

Меѓутоа, она што очекувам е, Владата покрај другото да ја соопшти политиката со Телеком, дали ќе остане во сопственост на 37% што ги има, или ќе почне да се ослободува од нив. Мое мислење е дека Владата треба брзо да се ослободува од сопственоста на акцизите во Телеком и да ги продаде преостанатите три пакети од по 10%, прво за да ги зголеми своите депозити, второ да го намали јавниот долг со средствата од Телеком и трето да не не доведува сите и себе си, во политика на исчекување, што со дивидендата од Телеком затоа што Владата таму има конфликт на интереси. Сопственик, влече, колку што гледаме, сериозни девиденди

за својот буџет, а од друга страна треба да го либерализира пазарот каде што таа е сопственик, односно учесник. Затоа би било добро Владата да ја соопшти политиката дали ќе има натамошна приватизација на Телеком, со која динамика ќе ја направи и на кој начин.

Второ, да изразам свое несогласување и загрижесност за популизмот на Владата, што донесе одлука 2% од сопственоста од Телеком да ги даде на вработените во Телеком. Тоа се 12 милиони евра, акции кои Владата ги препушти на вработените во Телеком.

Јавно прашувам кој друг во Република Македонија, освен вработените во Телеком, добил бесплатни акции таму каде што работи, особено во јавни претпријатија. Некои добиле прво со попуст да откупат, во времето на Анте Марковиќ. Меѓутоа, да се дадат поклон, никој до сега тоа не го направил. Прво тоа создава обврска сега за Владата со останатите 10% во ЕСМ новото ЕСМ е ЕВН кое е во сопственост на Владата дека ќе мора да го направи и за нив, како и за Телеком. Ако беа 200 милиони 90%, пресметајте колку ќе бидат тие 2% што ќе треба да ги отстапи Владата. И најважносто, зошто ваква дискриминација на два милиоини граѓани во Република Македонија. Како што некој создавал во нови училишта, во некоја здравствена установа, во некој рудник, во некоја метална фабрика, во Телеком, сега сите да ги поништиме и да ги дадеме 2%, 12 милиони евра сопственост на државата да се препуштат на вработените во Телеком на неколку илјади луѓе. Тоа не можам никако поинаку да го оценам, освен како обид на додворување кое никогаш не сум го поддржувал и кое носи само поени за некои партии да владеат и понатаму, на штета на други.

Исто така мислам дека Владата со поднесувањето на амандманот конечно соопшти не дека немало средства за тутунот, по 30 денари, колку што беше одлуката на Владата за исплата, туку дека Владата ја менува одлуката на штета на тутунарите. На тоа има политико право. Владата може да донесе одлука и 15 и 30 и нула да го субвенционира тутунот, меѓутоа нема право да соопштува дека нема средства и а тоа ги намалува на 15 односно не ги исплаќа преостанатите 15, а во текот на вчерашниот ден да ни достави амандман со кој од земјоделието одзема 200 милиони за мазут. Значи, во земјоделието имало резеррви за тутунот, кога веќе можеле да се пренаменат за мазут.

Исто така, би сакал да ја искористам оваа прилика, една многу активна позиција на неколку министри во Владата во изминативе два месеци во врска со судските решенија кои се сега предмет на ребалансот, конечно дојде време да поразговараме за нив. Два месеци во јавноста се труби особено од некои министри кои не се во Министерството за финансии, за судските решенија, а се токму надлежни по своето работење за судството.

Прво, дека државата е доведена во катастрофална ситуација со извршувањето на судските решенија. И сега веднаш да соопштам дека јас бев министер за финансии, извршував судски решенија, никогаш не мислев дека е тоа толку голема работа да треба да алармирам во јавноста, треба да ги обезбедите парите. Ниту едно единствено, повторувам, ниту едно единствено судско решение не е после 15 септември 2002 година заведено во судот. Сите датираат од 2002 година 15 септември наназад до 1999 година. И токму тие министри кои тогаш заземале високи функции: советници во Влада, или други, или министри во таа Влада имаат најмалку право сега да обвинуваат зошто плаќаме решенија со судски извршители. Затоа што како што кажа и господинот Најдовски некои ги наброи. Точно сите произлегуваат од периодот до 2002 година.

Второ, она што особено ме загрижи е што видов дека Владата има еден вид на отпор кон извршување на судските решенија, па почна јавно да кажува дека извршителите ги наплаќале тие судски решенија. Па што очекувавме ние со судските реформи? Државата да се извлече од системот на извршители и сите правни и физички лица да можат да можат да функционираат во системот на извршители, само таа да не си ги плаќа долговите по новиот механизам кој мора да признаеме испадна дека е подобар и дека наместо судот, сега судските извршители подобро ги извршуваат решенијата. Владата почна да го критикува тој систем. Два месеца ни соопштува дека цело време не требале да се извршуваат, дека ќе ги преиспитувале. Што ќе преиспитувате господине Маневски? Ова е буџетска расправа. Во извршно судско решение кое извршителот го спроведува во Буџетот. Која е таа политичка моќ да ги преиспитувате, а не да го исплатите, особено што тие се од пред 2002 година. Ме загрижи Владата со пристапот. Сега гледам дека малку ја спушти топката и дека се однесува како странка во спорот. Ако имате судско решение извршно кое извршителот го извршува, вие ќе го извршите. Ако не го извршувате, вие не сте странка во спорот рамноправно со сите други во Република Македонија. Сакате државата да ја извлечете малку над нив? Тоа што Европската унија го критикува во Извештајот.

И постојано со тие значителни обврски, значителни обврски, сега гледаме дека пари се делат на сите страни. Значи, немало толку значителни обврски.

Средствата кои се користат за покривање на дополнителниот дефицит, јас би рекол поуспешно од планираната реформа во вториот пензиски столб е нормално дека треба да се одобрат. Тоа го поздравувам. Ако работите се одвиваат така, тоа ќе направи дополнителен проблем на Буџетот во идните години. Тие ќе се реперкуираат секоја наредна година и секој нов абонирец, или како ги кажуваме претплатници на вториот пензиски столб секоја година ќе го

зголемуваат дефицитот во ПИОМ, односно средствата кои ние ги преведуваме таму. Тоа ќе биде медал на кој нема да знаеме дали да се радуваме, или да плачеме. Колку сме поуспешни во остварување на реформите во пензискиот систем, толку повеќе даночната политика, односно даночните средства во смисол на даноци ќе треба да ги покриваат обврските кои треба да се покријат од придонесите. Тука сме во ситуација како држава да не знаеме што да правиме. Уште подобра реформа во пензискиот столб ќе донесе до уште поголеми обврски од Буџетот. Не би се стопирала, меѓутоа тоа е товар со кој министерот за финансии ќе треба во идните години да се справува и Владата. Она што јас би го препорачал е дека после успешно завршената една година од вториот пензиски столб кој очигледно функционира, на крајот сме на годината, почна на први јануари. Мислам дека е време Владата да ја започне реформата со последниот, третиот пензиски столб кој е време да профункционира, затоа што тој нема да има јавни трошоци.

Ја поздравувам определбата дефицитот, ние викаме на Буџетот, а знаеме дека се однесува на вкупната јавна потрошувачка на Владата да остане во рамки на проектираните 0,6. И го поздравувам ветувањето на ММФ кога се трошеа парите од приватизацијата на аптеките кој ќе предизвика дополнителен дефицит во Фондот дека ќе го прифатат на 0,8. Сега министерот ни предложи Буџет со 0,8 наместо 0,6 и јас тоа го поздравувам, иако се зголемува дефицитот и го поздравувам ММФ што остана на ветувањето, ако не сум сватил погрешно. Меѓутоа, очигледно дека е така.

Во врска со издвојувањето на 1,2 милијарди денари, или 20 милиони евра од Буџетот за набавка на мазут за АД "Електрани на Македонија", мислам дека е крајно контраверзна одлука на Владата, дека е еден ригиден буџетски интервенционизам на пазарот за производство на струја. Со оглед дека струјата во Република Македонија се плаќа, таа не е јавна услуга која е бесплатна, како што се услугите на јавната администрација, образование, култура, државни органи итн.

Мислам дека треба да добиеме одговор ова што во амандманот е направено субвенции во јавни претпријатија 20 милиони евра, да бидеме попрецизни. Што ќе се случи во ЕЛЕМ? ЕЛЕМ ќе го дистрибуира тоа преку МЕПСО на ЕСМ, ЕСМ ќе го дистрибуира до нашите домови или трговски друштва, правни лица, ќе си ги наплатат средствата, преку ЕСМ ќе влезат и во ЕЛЕМ. ЕЛЕМ ќе ги наплати парите за произведената струја од потрошувачите, а во исто време наплаќа 20 милиони евра од Буџетот неповратни средства. Ова во Европската унија се вика државна помош и ние за тоа имаме закон и треба да тече по каналите на законот. Вака како што е доставено до нас, по мене со многу, многу симптоматичен збор, амандманот од Владата потпишан од премиерот. Амандманот се предлага во функција на спроведување на заклучок на Владата на Република Македонија за надминување на недостиг на електрична енергија. Не сум сигурен и не сум сигурен дека ревизорите на Буџетот за 2006 година, Државната ревизија, ниту сум сигурен дека Европската унија што е битно ќе го прифати заклучокот на Владата како доволен основ да субвенционираме јавно претпријатие кое си ги наплаќа услугите, а кое нема бенифицирана цена. Ние можеме да кажеме во железничкиот патен сообраќај имаме бенифицирана цена за патниците што е интенција, законот е донесен во 2005 година и за тоа Владата ќе субвенционира дел на "Македонски железници" за да го субвенционира патниот сообраќај во "Железница". Меѓутоа, ние електричната енергија не ја субвенционираме. Има Регулаторна комисија која одредува пазарна цена во која ги калкулира трошоците. Овие 20 милиони евра ќе бидат два пати калкулирани. И не може, извинете господине министер, да ни претставувате амандман со заклучок на Влада 20 милиони евра. Ве молам, да проверите дека е тоа државна помош и да протече по каналите на државна помош. Иако јас како пратеник дури и за таква државна помош имам резерва и барам објаснување од вас. Откако ќе ја наплати произведената електрична енергија, дали ЕЛЕМ ќе ги врати парите во Буџетот? Како тоа ќе го направите во Буџетот и какви приходи ќе бидат тие? Особено што недостатокот од струја во Република Македонија нема да го решиме вака. Во 2007 година ние ќе имаме повторно ист проблем, нема во регионот струја, не можеме да ја увеземе и што правиме? Повторно ли 20 милиони за да работи ТЕЦ Неготино, повторно ли фискална политика за производство на струја? Не гледам решение. ТЕЦ Неготино треба да се продаде, треба да се приватизира ЕЛЕМ, треба да влезат странски инвестиции во тоа приватизирано претпријатие, затоа што така е најлесно, да обезбедуваат струја. Јас се извинувам дека можеби моите технички познавања се помалку од скромни, затоа што немам техничко образование во животот, меѓутоа она што е елементарно го знаеме сите. Македонија произведува 6 милијарди киловат часови струја годишно. Македонија троши 8,5 милијарди киловат часови. Ако вие проектирате уште и развој, ќе стигнеме до девет милијарди. Нема од каде да се увезе. Не гледам начин ние со буџетски субвенции да го обезбедуваме производството на електрична енергија. Тука не гледам начин се додека не добијам некој друг одговор. Ова е гаснење на пожар во една чудна ситуација.

Второ, би сакал да добијам одговор, како ЕЛЕМ мисли да изврши набавка на мазут за 20 милиони евра? Како ќе изврши набавка? Си има систем на јавни набавки под кои е ЕЛЕМ. Не добивме, а во јавноста имаше од Владата две, три, кои ги земам за несигурен извор заради тоа што се пренесени индиректно преку новинари, дека ќе му

била одобрена некаква интервентна набавка. Во експозето на министерот дури има уште една, за мене крајно загрижувачка изјава, дека стоковите резерви ќе влезат исто така во игра за да се изврши производството на енергија во ова. Имаме закон за стокови резерви. Тој е усогласен со ВТО и со Европската унија и во Законот стоковите резерви не служат за производство на електрична енергија. И не за џабе по 300, 400 милиони годишно одвојуваме секоја година за да резервите на стоките кои се во стокови резерви да стигнат до некое ниво кое е потребно за да ги трошиме за економски намени, а не за намени за кои стоковите резерви постојат согласно Законот. Дури мислам дека Државната ревизија нема да го прифати тоа што Владата го решила стокови резерви, ако е тоа точно, да ги даде за производство на електрична енергија. Тие за тоа не служат. Тоа води утре пченица за производство на леб, пченка за производство на не знам што. Не се за тоа стоковите резерви. Има одредба точно во законот за што можат да се користат.

Имам впечаток од начинот на кој Буџетот е проектиран и би сакал министерот за финансии пред Парламентот да даде сопствена проценка, а тоа по природата на работите треба да ја има. На кое ниво ќе завршат расходите за капитални инвестиции во 2006 година. Имам впечаток дека тие расходи нема да се извршат целосно и дека Буџетот наместо 0,8 дефицит, односно централниот буџет 0,3 дефицит заради нереализација токму на тоа за кое најмногу сите зборуваат, капиталните инвестиции, може да заврши дури и во суфицит. Сакам да слушнеме која е проценката на Министерството за финансии, во краен случај на Владата за реализацијата на капиталните расходи во оваа година, особено што дополнителните средства од 2 процентни поени од бруто домашниот производ очигледно не одат во капитални инвестиции, како што ветивте пред изборите. Вие рековте од 3 на 5 ќе ги подигнете капиталните инвестиции, а потрошувачката ќе ја намалите за два процентни поени, јавната потрошувачка. Тоа би значело од 33 на 31 и наместо три, пет, уште два процентни поени помалку на 29 за другите намени. Тое не го гледаме. Ниту ја намалувате, ниту пак зголемувањето ви оди во капитални расходи. И таа политика по мене е погрешна.

Дополнителни приходи особено како Телеком кои се непроектирани, затоа што проекциите ги гледаме во Буџетот се над 600 милиони денари, доаѓаат на 2,5 милијарди, две милијарди плус можеше Владата како што сега очигледно дека најде средства за еден свој заклучок за кој зборував дека не многу ме радува. Можеше да најде и за капитални инвестиции. Мислам дека преголемо уфрлање на парите постојано вака во потрошувачка, наместо во инвестиции и тоа со зголемено ниво може да придонесе каматните стапки во Република Македонија да се вратат на нагорна патека. Пред неколку дена го гледав Веб сајтот на Народна банка и на Министерството за финансии кој е достапен, како се реализираат трезорските записи и државните обврзници. После 18 или 20 месеци на континуирано паѓање на каматните стапки на трезорските записи и државните обврзници последниве четири тргувања имаме постепен но што е најстрашно сигурен раст на каматните стапки од 0,1 на секое наредно тргување 5,3; 5,4; 5,5; па 5,6 каматните стапки и на трезорските записи и на државните обврзници. Ако каматните стапки растат ние нема да имаме раст на економијата тоа господине министер го знаете сме го разговарале и лично неколку пати мора да ја контролираме финансиската ситуација да продолжи падот на каматните стапки. Со вакво уфрлање во економијата на овие средства каматните стапки се плашам дека ќе продолжат да растат и тогаш ни странски инвестиции ништо не не спасува ако домашните инвеститори отклонат од инвестирање заради стапките на каматните стапки кои после се реперкуираат во банкарскиот систем, а во банкарскиот систем колку што видовме пред два дена се случи потрес кој не би го коментирал сега. Тука ќе застанам, меѓутоа, кој може да предизвика раст на каматните стапки во банкарскиот систем како последица на ова и затоа повикувам политиката на Буџетот меѓу другото да продолжи да оди во насока на намалување на каматните стапки.

И на крај неколку збора би сакал да кажам за амандманот кој денес наутро ни беше доставен. За да се обезбедат 20 милиони Владата ни предложи амандман со кој ги намалува стоките и услугите на Владата. Нешто за што до пред некој ден постојано во јавноста имаше критики дека Владата дури и без сапуни останала. Сега средствата се намалуваат. Она што мислам дека ќе биде со многу под лупа ставено на фактори вон од Република Македонија, а на некои од факторите во Република Македонија, политички фактори е намалувањето на средствата за Програмата за поттикнување на вработувањата на заедниците популарно наречена К-5. Со ребалансот а сега дополнително и со амандманот вчера поднесен тие средства се намалуваат за дополнителни 8 милиони, 10 милиони со придонесите. Програмата К-5 служи, знаеме за што служи и тоа е многу сензитивен политички чекор да заштедите десетте милиони таму а ви требаат милијарда и двеста баш на таа програма да ги намалите. Моја препорака е подобро не ги намалувајте па не ги реализирајте отколку видливо да ги намалувате со амандманот како Буџетот веќе е дојден во Собранието на Република Македонија. Се намалуваат од Службата за општи и заеднички работи 20 милиони денари од капитални инвестиции за нафта да се купува. Она за што очекувам одговор господин министер од вас односно од Владата ги намалувате средствата во Министерството за одбрана, мојата пресметка тука од овој амандман е 230 милиони денари. Ова Собрание има усвоена декларација која Владата ја следи и која особено и е потребна во односите со НАТО, дека

трошоците за одбрана на Република Македонија годишно нема да бидат помали од 2,3% од бруто домашниот производ со цел да го стигнеме минимумот на стандардот на НАТО кој вика од 2,3 до 2,6 за ново примените членки. Ние успеавме со мачни фискални реалокации, за што Владата беше критикувана и тоа е така, ако сакате таму да обезбедите тоа што треба, ќе ве критикува некој друг, немало за други потреби. Сега се намалуваат за 230 милиони, тоа е отприлика 0,1% од бруто домашниот производ. Со оглед дека 2,3 ни беше заокружено на 2,3, беше 2,26; тоа го знам. Прашувам, дали ова значи дека ние конечно се спуштаме на 2,2 со завршната сметка и како тоа НАТО ќе го третираат, односно ќе го третираат и дека е исполнет критериум за НАТО го напуштаме. Особено што во одбраната огромни средства се одлеваат од инвестициите и од опремата во одбраната. Тековно одржување на опремата се намалува за 60 милиони, за 50 милиони инвестициите во одбраната итн, вкупно 230 милиони. Ме интересира со овој ребаланс колку е процентот на средствата за одбрана во Министерството за одбрана од бруто домашниот производ проектиран на 3,9 како што вие го проектиравте, бидејќи вие ја корегиравте стапката на растот на бруто домашниот производ и како тоа ќе се одрази.

Исто така мислам дека без никаква потреба вчера одземавте уште 10 милиони средства за ТЕЦ Неготино од средствата наменети за капитални дотации во ЕЛС, единиците за локална самоуправа односно за општините. Ги намаливте средствата за инвестиции во Железницата што се обезбедени со Закон. Со Законот за Железница имаме проценти што мораме да ги обезбедуваме годишно. Тука во Министерството за транспорт и врски имате намалување на 20 милиони денари од не скудните 150-тина, од не големите 150-тина милиони и тоа токму од инвестиции во Железницата, за што вие и сите ние знаеме дека е еден од најнеразвиените инфраструктурни системи во земјата во Македонија и најбрзопаѓачките во последниве 15-20 години.

Веќе кажав, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одземавте, прво одите нагоре за 800-900 милиони, милијарда колку беше, сега преку ноќ 200 милиони надолу.

(Министерот дофрлува дека се работи за 120).

Јас ги избројав 200 милиони, ќе ви кажам ако има потеба подоцна. Очигледно, ако можело да се издвојат за мазут, можело да се издвојат и за тутун, на пример. Меѓутоа, добро, вие таа политика ја преферирате. Одземате, што е ваше право или на мнозинството, а јас тоа не би го поддржал. Меѓутоа?!

Четврто во Министерството за надворешни работи, инвестициите за купување зграда во Брисел се бришат. 180 милиони надолу. Тоа се три милиони евра средства што се обезбедија со Буџетот за 2006 година за купување амбасада во Брисел. Подготовките се во завршна фаза, колку што знам од новините, дури имаше дека некој откажал нешто и сега одеднаш ги снемува парите, одат во купување мазут за производство на електрична енергија. Како тоа ќе го третираме од аспект на вашата прва цел во Приоритетите, евроинтегрирање, не знам. Претпоставувам дека вашиот одговор ќе биде-ќе ја купиме идната година со пари од буџетот за 2007 година. Меѓутоа, мислам дека тоа одлагање за 2007 година, ќе добиеме друг извештај од Европската унија идната година, а само остануваме без амбасада во Брисел. Средства што беа обезбедени.

Јас тука завршувам. Како што гледате, многу прашања поставив на кои што очекувам да добијам одговор, меѓутоа, општо гледано, мислам дека рамката на Буџетот е добра и треба да се задржи. Реалокациите внатре се погрешни места и водат во погрешна насока: подигање на јавната потрошувачка, намалување на капиталните инвестиции, враќање на државен интервенционизам, неможеме да се реши проблемот во енергетиката на начин што треба и тн. и тн. Тоа, Буџетот го носи во погрешна насока отколку онаа кон која треба да се стреми една развиена држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се пријавија господинот Данаил Дончев, господинот Ѓорчев.

По тој редослед ќе одиме.

Повелете господине Дончев имате три минути за реплика.

**Данаил Дончев:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, поитувани пратеници, тешко дека ќе можам да го кажам сето она што сакам да го кажам во три минути, но навистина добив инспирација од пратеникот Поповски, поранешниот министер за финансии, па не можам а да не дадам коментар, да се обидам да кажам некои работи што беа изложени од ова место.

Прво, господинот Поповски изразува загриженост за трговскиот дефицит. Дека ќе се зголемел од 18% на 21% од БДП оваа година. При тоа, господинот Поповски, поранешниот министер за финансии очигледно заборавил дека од 2002 година трговскиот дефицит, кога изнесуваше 650 милиони долари на крајот на 2005 година и сигурно оваа година ќе биде над милијарда и 200. Зошто почитуваниот колега не беше загрижен кога трговскиот дефицит се дуплицираше во времето на неговиот мандат, а сега изразува загриженост кога ќе се зголемел од 18 на 21%?

Понатаму, сака да каже дека трговскиот дефицит е нешто што може една влада да го смени во рок од 30 дена?! Дека трендот, што е загрижувачки, се согласувам, но сака да каже дека трендот може да биде сменет во рок од два-три месеци и тоа со ребаланс на Буџетот?! Очигледно заборава дека денеска станува збор за ребаланс на Буџетот, ребаланс на неговиот Буџет, а не на буџет кој буџет ќе опфаќа макроекономска

политика и насоки на новата влада, за што ќе треба да чекаме од наредниот месец.

Зборува и се пофали со нивото на долгот. При тоа, очигледно заборава дека на 31 декември 2002 година надворешниот долг на Република Македонија изнесуваше милијарда и 400 милиони долари, во време кога замина Владата на СДСМ тој долг изнесуваше алармантна сума од две милијарди и 400 милиони долари. Очигледно, почитуваниот колега тоа го заборава.

Спомна ТЕЛЕКОМ, морфиум во буџетската политика, преговори за дивиденда. Па Вие, вашата Влада почитуван колега, бевте тие кои поставивте принцип да се преговара за дивидендата. Ова е тема за која што можам да зборувам многу подолго и резервирам право повторно да се јавам за збор. Но, вашата Влада постави принцип да се преговара за дивидендата, како да МАТАВ или мнозинскиот сопственик да не сака да зема дивиденда, при тоа навлегувајќи во игра што доведе за две години после официјалниот крај на завршувањето на договорот на ТЕЛЕКОМ да немаме сеуште конкуренција.

Спомнавте да се ослободи од сопственоста. на ист начин на кој што вие се ослободивте? Кога продадовте 10% по принципот на откуп на сопствените акции, а ја вреднуваше компанијата на 100 милиони евра помалку од моментот кога претходната Влада продаде 51%.

Уште последното, зборувавте за популизмот, со 2% што новата Влада ги даде на вработените. Тоа беше обврска со купопродажниот договор уште 2001 година. Зборувате за тоа дека некој друг добил бесплатни акции. Па, цела приватизација е извршена од страна на СДСМ 1998 година врз принцип да не се исплаќаат акциите и навистина не знам Вие што зборувате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Дончев, можете после да земете збор.

Контра реплика Поповски Никола, една минута. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас ќе започнам таму каде што мојот почитуван колега Дончев заврши: навистина не знам што Вие зборувате.

Па, господине Дончев, навистина мислам дека не знаете што зборувам. Еве зошто:

Дефицитот во секоја држава се мери како процент од БДП, не како износ.

Второ, дефицитот, за кој што вие зборувате во 2002, на пример за 204 е неспоредлив во долари, затоа што сите знаеме дека во 2003 година и почетокот на 2004 година настана девалвација на доларот во однос на другите валути од 25% што стои до денеска. Знаете дека беше 1:1 со еврото, денеска е еврото со доларот 1:1,22 или 1,23 или 1,24, зависи од денот, споредено со еврото. Автоматски во долари, ако долгот бил милијарда, станал милијарда и 250 милиони. Инаку, тој во евра и во проценти се води.

Истото важи, господине дончев и за долгот кон странство. Ако бил милијарда, со девалвација на доларот станал милијарда и 250. И тој се мери во БДП како проценти. И тој е намален за 10 процентни поени во однос на домашниот производ. Тоа е констатирано во Европската унија.

За ТЕЛЕКОМ, мислам дека токму вие не треба ништо да зборувате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

Господине Ѓорчев повелете три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика на поранешниот министер за финансии Поповски, сегашен пратеник се однесува на тоа што тој го кажува во врска со каматите во Република Македонија, односно за она што го имаме во банкарскиот сектор.

Гледаме дека онаа олигарција што вие ја заштитувавте, токму овие денови нервозно реагира поради подготвеноста на оваа Влада да отвори филијали на странски банки во Република Македонија. Вие, како министер за финансии господине Поповски го превениравте и го спречувавте влегувањето на странски банки во Република Македонија. Вие бевте против тоа и онаа олигархија што со години ве сервисира. Значи, подготвеноста на оваа Влада, на овој министер и оваа гарнитура е да се отворат токму тие филијали на странски банки за да имаме пад на каматите во Република Македонија. Пад на камати што ќе биде добар и за граѓаните на Република Македонија и за економската економија.

А, нервозните реакции на вас, како политичка гарнитура, вашите налогодавци и олигархијата што ја создадовте, а што за возврат вас ве одржува, едноставно му припаѓа на едно нефункционално квази пазарно стопанство, како што имавме во Македонија. Квази стопанство што доведе до најголема невработеност во Европа, отсуство на инвестиции, отсуство на конкуренција во Република Македонија во многу области и едноставно сиромаштија што е 30% и во вашиот мандат беше растечка.

Во врска со она што го изнесовте во поглед на земјоделството, јас би реплицирал во она што вие го изјавувавте на телевизиите и го користевте во весниците. Рековте, како забелешка и како критика, со своето име, како Никола Поповски и како СДСМ, рековте дека оваа Влада е земјоделска влада, во негативна смисла. Јас, во најпозитивна смисла ќе кажам дека да, оваа Влада е земјоделска влада, затоа што го намали ДДВ од 18 на 5%, затоа што ја врати земјата на земјоделците наместо на олигарсите. Тоа го видовме во Светиниколско. И, затоа што, едноставно подготвува цела низа на мерки што ќе го заживее грогираниот, убиениот македонски аграр што видовме што му направивте.

Се работи, да, за земјоделска влада, земјоделска влада што ќе биде одговорна према македонското село. На крајот на кариштата ако

не знаете таков е добар дел на Третата изборна единица, каде што граѓаните не гласаа, односно не ве гласаа онолку за да ви ја доверат довербата. Со право не ви ја дадоа, затоа што, уште еднаш ќе кажам, за разлика од изминатите четири години каде што имавме системско уништување на аграрот, оваа Влада сака да ја исправа поинаку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Никола Поповски, една минута. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Не ме излажаа кога ми кажаа дека господинот Ѓорчев ќе биде задолжен четири години агрипроповски реплики на секое мое излагање да дава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да дадам пауза, дозволете ми две процедурални објаснувања што му ги должам на господинот Поповски.

Првото, во врска со блокот во Комисијата за буџет. Не да не се водат разговори, туку разговорите се почнати пред да се појави проблемот. Кулминираа на координација, на која што едногласно, сите координатори му предложија на координаторот на ДУИ да почека, да се стрпи додека не се усвои следниот деловник. Резултатот е таков каков што е, но одговорно тврдам дека проблемот наречен уште во претходното мнозинство Илјас Халими, нема да трае цел мандат. Ќе се реши со донесувањето, со прифаќањето на новиот деловник.

Во однос на ставањето во процедура на Извештајот на Европската унија, тој денеска официјално влезе во процедура. Во 11,00 часот, на Комисијата за евроинтеграција, со говорот на господинот амбасадор Фуере и со отворена дискусија на која што јас присуствував еден час и, гледајќи некои пратеници кои се членови на таа Комисија, а кои беа таму, а сега дојдоа пред половина час, најверојатно дискусијата била обемна.

Тој Извештај е влезен во процедура. Извештајот од првиот состанок на Комисијата за евроинтегрирање се надевам ќе го добиеме брзо. Ќе го разделиме, па потоа можеме да одиме и на проширување на пленарна седница да го ставиме.

Тоа се моите процедурални објаснувања што бев должен да ги дадам.

Сега повелете, еден час пауза за ручек.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници, продолжуваме со седницата, по точката 9, Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

За збор се јави господин Аднан Јашари. Повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Почитувани колеги, почитувани учесници, ќе се потрудам и јас да го кажам моето мислење и моите сугестии во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија, односно ребалансот за 2006 година. Уште на почетокот ќе нагласам дека како што е предвидено во Законот за буџет, организационата структура во Буџетот за 2006 година што е донесен и организационата структура на овој предлог за изменување е иста и ги содржи сите одредби што ги содржи донесениот Буџет за 2006 година. Веднаш ќе нагласам еден друг факт, кој сметам дека треба да го изнесам. Се работи за макро-економските индикатори на кои се заснова буџетот за 2006 година, индикатори кои во поголемиот дел се остваруваат, барем според она што се гледа од овој Предлог.. Ги нагласувам макро-економските индикатори, бидејќи се сеќавам кога разговаравме во декември за тогашниот Предлог за донесувањсе на буџет за 2006 година индикаторите врз кои се засноваше овој буџет се оспори остро од тогашната опозиција, алудирајќи дека овие индикатори не се од реален карактер, туку се повеќе фиктивни. Во оваа насока, според тоа што го прочитав во воведниот дел од овој Предлог, јасно се гледа дека во овој период на остварување на буџетот економските индикатори, опфајќајки го бруто домашниот производ, се остварени на едно забележливо ниво. 2,7% пораст на производството, 2,8% итн.

Покрај ова, од тоа што е презентирано јасно се гледа дека се намалува бројот на невработените, а секогаш се зголемува меѓународната размена на стоки и услуги, иако јасно се гледа дека во оваа насока се остварува дефицит во меѓународната размена. Покрај тоа, ценам дека во иднина Владата во оваа насока треба да превземе мерки и одредени активности, за да може да се намали дефицитот во меѓународната размена.

Од аспект на извршување на буџетот, исто така ќе кажам неколку зборови, бидејќи е повеќе од евидентно дека буџетот не само што се извршува на ниво на тоа што е планирано, туку во одредени сегменти, посебно во делот на остварувањето на одредени обврски, се извршува и врз основа на тоа што беше планирано. Според оваа констатација, јас лично констатирам дека ова извршување на буџетот говори за способноста на одредени државни органи надлежни за извршување на приходите, даночни или неданочни, и во одредени сегменти, посебно во делот каде што се говори за извршувањето на данокот на добивка, може да констатирам и едно успешно претприемништво на оние кои вршат деловни работи во Македонија. Евидентно е дека приходите извршени од данокот на добивка, персонален данок и царините се остваруваат на нивото што беше планирано, иако во оваа насока врз основа на тоа што е презентирано јасно се гледа дека приходите од ДДВ се остварени во пониска мера и ставка. Во воведниот дел на законот се дава и

образложение зошто е настаната ваквата состојба.

Во оваа насока, така како што е презентирано, имаме и пораст на приходите, на каптиалните приходи, факт кој во овој период говори за приходи кои се остварени во извесна мера од продажбата на земјоделското земјиште. На ист начин се остварени и буџетските расходи, а говорам согласно тоа што беше планирано. Околу 57% се остварени во делот на расходите наменети за плати, наемнини и надоместоци и на ова ниво околу 55% се остварени и наменети средства за снабдување на стоки и услуги. Послаба реализација во оваа насока во споредба со тоа што беше планирано имаме во делот наменет за капитални инвестиции, иако лично ценам дека со остварувањето на овие средства тешко може да се остварат истите на крајот на оваа година, имајќи предвид дека до 31 декември има уште еден ипол месец. Затоа, имајќи го предвид овој простор, мислам дека во оваа насока ќе имаме суфицит на средства. Приближно иста состојба има и во остварувањето на фондовскиот буџет, како оној на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, магистрални патишта итн.

Што се предвидува во понудениот предлог? Како што сме информирани и од средствата за јавно информирање, но и од тоа што се гледа од предложениот предлог, имаме пораст не само на буџетските приходи туку и на буџетските расходи. Порастот на приходите се заснова на порастот на остварувањето на одредени даночни приходи и настојувањето на оваа владина коалиција да ја оствари наплатата на дивидендата на АД Македонски Телекомуникации. Исто така, се предвидува да има пораст на трошоците врз основа на остварувањето на неколку надлежности, а во оваа насока се предвидува поголемиот дел од трошоците да се зголеми и поради остварувањето на неколку судски решенија. Порастот на јавните расходи се предвидува со 7% во споредба со тоа што беше планирано во буџетот.

Во оваа насока, посебно би нагласил дека капиталните расходи или онака како што се назначени овде во извесна мера се зголемуваат, но во оваа насока треба да нагласам и дека делот кој се однесува на капиталните донации наменети за единиците на локалната самоуправа се намалуваат, а во исто време имаме пораст на расходите наменети за купување мебел, транспортни средства и други разни возила.

Кога говориме за расходите, во делот што се однесува на билансот на расходите, во оваа насока сакам да нагласам дека тоа што посебно ме загрижува е прашањето на остварувањето на неколку проекти кои претходно беа предвидени со буџетот. Се говори за капитални инвестиции, за реализацијата на водоводот во општина Тетово и токму поради овој проект кој се спроведува од ова што е предвидено или што е предложено јасно се гледа дека средствата наменети за остварувањето на овој проект видливо се намалуваат, од 75.000.000 на 11,500.000 денари. Од причините кои се дадени во првиот дел во однос на остварувањето на програмите и потпрограмите не успеав да ги видам причините зошто предлагачот постапува на овој начин, кога се има предвид фактот дека овој проект се остварува и дека граѓаните од Тетово имаат голема потреба од остварувањето на овој проект.

Исто така, за несреќа денес со амандманот предложен од страна на Владата во Раздел 04 во однос на Владата на Република Македонија, потпрограмата во однос на правичната и соодветната застапеност на припадниците на етничките заедници, видливо се намалува количината на средства наменети за остварување на начелото на правична и соодветна застапеност.

Во оваа насока сакам да нагласам дека не само што видливо се намалува, туку и тоа што беше предвидено со Буџетот што е донесен, односно иницијалниот буџет, износот што е предложен сега е видливо многу помал.

Во однос на делот за кој не се зборуваше, а кој е во однос на т.н. буџетски дефицит, ќе кажам два три збора. Секогаш кога се говори за буџетот сум барал буџетскиот дефицит да се зголеми, нормално, доколку се увиди дека има причини или потреба за дополнителни средства. Евидентно е дека дефицитот во оваа насока се зголемува во една мала мерка и лично нема ништо против порастот на буџетскиот дефицит, но дефинирајќи ги изворите од каде ќе се финансира овој буџет, посебно дојдов до констатација дека овој дефицит ќе се финансира од домашни извори, од кои се очекува да се сервисираат и внатрешните и надворешние долгови. Во оваа насока, споредувајќи го овој начин на финансирање на буџетскиот дефицит, со тоа што беше предвидено во Буџетот за 2006 година, дојдов до констатација дека има измени. Во тоа време беа предложени и меѓународни извори за обезбедување на финансиски средства, сега се оди само преку домашни извори и тоа врз основа на тоа што е предложено, продажбата на хартии од вредност или емитување и издавање на хартии од вредност, факт кој според моја убеденост теашко ќе успееме во целина да го финансираме овој буџетски дефицит. Благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседател, господин министер, почитувани колешки и колеги пратеници,

Веројатно треба да се навикнеме на ваквото присуство во салата согласно муабетите што кружат околу новиот Собраниски Деловник. За жал, денес слушнав дека Владата одлучила како ќе се зборува и расправа во Собранието, што мислам дека е лошо, во градењето на демократските институции и во градењето на капацитетот на институциите една таква одлука

или прес конференција каде што потпретседателот на Владата господинот Селмани кажува како ќе биде во Собрание. Ние како Собрание мислам дека треба да реагираме, бидејќи онака како ќе биде уредено со Деловникот и онака како ќе биде процедурата во Собранието, треба да дефинираме ние самите.

Денес расправаме по ребалансот на буџетот. За жал, можеби ќе се најде во сенка на Извештајот на Европската комисија, за Владата реален, за мене загрижувачки и можеби овие дискусии или теми кои се отворија денес нема да добијат премногу простор во медиумите. Сепак, би сакал да учествувам во оваа расправа за да посочам некои аспекти кои беа дадени во експозето на господинот Славески. Ќе зборувам за два аспекти, а тоа се енергетските проблеми и начинот на трошењето на средствата.

Кога зборуваше господинот Славески за делот од проблемите кои се јавиле во недостигот на средства, ги наведе и енергетските проблеми, при тоа наведе неколку: ремонт во РЕК Осломеј и РЕК Битола кои се во тек, а не се одржале , состојбата со Силмак, отворањето непланирано на ФЕНИ-Индустри, а додека во позитивни работи е кажана реализацијата на значителни приливи по основ на приватизации, а претпоставувам дека се знае, тоа е од приватизацијата или влегувањето на ЕВН на нашиот пазар. За сметка на тоа, енергетските проблеми се решаваат со синоќешниот или сабајлешниот амандман, во кој 25% се менува структурата на средствата за ребаланс кои беа во собраниска процедура пред неколку недели и се прави обид да се изнајде решение за набавка на мазут, решавање на енергетската криза, односно за износ од 1,2 милијарди денари кои треба да се наменат односно пренаменат за решавање на енергетската криза. Тука дозволете да искоментирам некои работи.

И господинот Најдовски зборуваше, но според моите сознанија, во овој момент во октомври-ноемви, како што вели Славески, нема ремонти во РЕК Осломеј и во РЕК Битола. Можеби има некои ситни шминки на одредени делови, но ремонот во смисла да запре турбина, целиот тој процес да се изврши воовој момент за жал нема такво ништо и во октомври-ноември не се врши такво нешто.

Господинот Најдовски зборуваше за екстремно ефикасниот начин на работа на претходното раководство на РЕК Битола, кое што не само што ги намали за 876 милиони денари вкупните обврски на Компанијата, туку и со новите методи, дел софтверски пред се во автоматизацијата на процесот и ремонтите и дел од менаџерски аспект, успеа не само да ги намали вкупните обврски, туку и да придонесе на тој начин за намалување на цената на производниот киловат час, затоа што РЕК Битола како најголем производител на електрична енергија во Република Македонија директно влијае на цената на електричната енергија која се користи за потребите на граѓаните.

Со одлука на претходното раководство во 2004 година, за прв пат во историјата се премина на правење на ремонти по потреба, што е светски тренд. На тој начин се намалуваат трошоците на работењето и се намалува цената на произведениот киловат час. Со една динамика што постоеше во рамките на РЕК-Битола различна година, на различен блок не беше направен ремонт, дали е тоа блок 1 во 2004 година или блок 3 во 2005 година, но она што е битно дека во овој момент во октомври, ноември, како што е наведено во експозето на министерот Славески нема ремонт во РЕК-Осломеј или РЕК-Битола.

Втора работа, она што е на граница помеѓу политичката дебата и реалната цена на електричната енергија во Република Македонија, тоа е проблемот со “СИЛ-МАК”. Владата која е политичка мора да собере сила да направи договор, да најде решение наспроти ригидниот однос што во овој момент постои.

Лошо ќе звучи, ова го зборувам како пратеник од изборната единица 6, кога по втор пат ВМРО-ДПМНЕ доаѓа на власт, се затвора “СИЛ-МАК”. Не е проблем во илјадата вработени што работата во “СИЛ-МАК”, политичко е прашањето за опстојувањето на Македонците во тој регион. Тука Владата мора да нарпави политички договор. Сите знаеме дека работи со загуба, има повластена цена на електричната енергија, но тоа не е за џабе, тоа е за да Македонците во тој дел, не само во Јегуновце, туку во Вратница да останат да работат и тоа не само оние што работат отприлика 600 Македонци и 500 Албанци, туку и други компании кои работат и услугите што ги нудат на “СИЛ-МАК”. Затоа опстојувањето на “СИЛ-МАК” не можеме да го гледаме само преку економската перспектива. Опстојувањето на “СИЛ-МАК” има исклучително висока политичка димензија. Јас морам тука да апелирам ригидниот однос што во овој момент го има раководството на ЕЛЕМ и МЕПСО чиј менаџмент е политички, но значајни како господинот Чингоски и Тунески како експерти за енергетика во ВМРО-ДПМНЕ мора да се даде политичка димензија. “СИЛ-МАК” не е само дел од овие енергетски проблеми, тоа е политички проблем на кој мора да се работи, интерес е за Македонците “СИЛ-МАК” да работи, да останат таму да работат, но и услугите што ги нудат. Не сакам да верувам, овие денови има доста коментари за “СИЛ-МАК” има неколку писма од граѓани дека ова се прави за да се намали вредноста на компанијата, па се знаело кој планирал да го купи. Мора Владата политички да дејствува оти не е сеедно што ќе се случи со “СИЛ-МАК”, дали тој ќе работи или не.

Третата работа се спомнува изненадното отворање на ФЕНИ-Индустри, ако е тоа негативна работа каде 250 вработени си најдоа своја работа и своја животна егзистенција не мислам дека тоа треба да биде наведено како проблем. Треба да се решава, но да се потенцира на сметка на 250 вработени во услови

кога главната препорака од негативниот Извештај на Европската комисија во економскиот дел каде сега како и секогаш треба да водиме сметка за вработеноста, да одиме на таква варијанта, лоша ќе биде пораката.

Како решение се нуди ТЕЦ-Неготино и купувањето на мазут за потребите на овој концепт, на овој систем. Неколку мои колеги го поставија прашањето и тоа ќе се поставува во јавноста. Прашањето е од каде ќе се купи тој мазут, по која процедура или дали согласно сите судски одлуки, сите процеси на оспорување на монополската позиција на ОКТА ќе се ослободиме од тоа и ќе одиме да го набавуваме мазутот под пазарни услови или ќе бидеме приморани или Владата ќе биде приморана заради некои претходни обврски да го направи тоа со ОКТА.

Моите претпоставки дека вчера се оствари дека не треба да дискутираме затоа што се покажа не само поддршка на земјоделието каде можеби некој ќе пофалеше дека е добро што го прави Владата во сите сектори се одземени или намалени средства, она што треба нас да не загрижи, без разлика дали сме позиција или опозиција, се одзема позамашна сума од ставката за Собранието на Република Македонија. Но, кога Владата решава како и на кој начин ќе се зборува или каков Деловник ќе има Собранието не гледам логика зошто да се секираат што ќе прават со парите.

Кога сум кај ТЕЦ-Неготино мислам дека Владата избрза со одлуката за поништување на тендерот за ТЕЦ-Неготино каде Компанијата која е прворангирана со 750 милиони евра инвестиции зад кои застанала прворангираната се елиминира како несоодветна, како некои дупки во тендерската процедура и на тој начин отпаѓа од конкуренција и не знаеме со кој капацитет некоја компанија ќе влезе во ТЕЦ-Неготино и ќе може да го ревитализира тој процес, дали ќе го модернизира, дали ќе го подобри за да имаме ќар или ефект сите граѓани.

За жал, една исклучително висока и битна инвестиција Владата се реши да се откаже за сметка на политички пазарења, па се претпоставува дека ова се прави за некоја второрангирана компанија со потекло од Бугарија. Ја имам среќата што не сум од Утрински весник, па можам од собраниската говорница со имунитет да зборувам за овие сомнежи, бидејќи господинот Слевески, а и Владата најавија тужба против Утрински весник за таа информација, што се покажа како точна.

Покрај делот на значителните приходи по основ на приватизација, покрај влезот на ЕВН во Македонија, господинот Поповски ја начна темата и за Телеком и тука има една голема дилема.

Јас, во моето излагање во минатиот состав кога сум зборувал за Законот за електронски комуникации сум кажал дека не е логично толку голема дивиденда да се дава или Владата да зема која, за жал, некој ги воспоставил односите да биде како дел од некое политичко пазарење.

Господинот Груевски во една своја колумна октопод-втора верзија, зборува за тоа дека не е логично толку голема сума од 40 милиони евра, па се покажа дека Телеком е подготвен да ја плати таа цена, но, за жал, сега немаме плаќање на 40 милиони евра, туку имаме позајмица, како што пишува во медиумите, а можеби грешам. Се отвора нова дилема пред Бордот на 15 ноември или на 29 ноември тоа да го потврди Дојче-Телеком. Некој вели ќе ви позајмиме 40 милиони евра за да ги стабилизираме финансиските текови во Македонија, но до година тие 40 милиони евра можеме да ги вратиме, а можеме и да зијаниме.

Уште еднаш да кажам тоа делење на дивиденда остана петна за Македонија и позицијата на Телеком и денеска неговата екселенција Фуере на расправата на Комисијата за европски прашања го повтори уште еднаш. Се додека постои концесискиот договор со Телеком тоа ќе биде проблем. Дали Дончев го договарал Груевски, го потпишал СДСМ ништо не направил во изминатите 4 години се е исто. Тоа е црна точка за Македонија. Црна точка е кога други држави делат различни проценти на дивиденди, но не над 56, Белгија има 55, Шпанија 56% од профитот го дели на дивиденда, не е логично целиот профит во Македонија да се дели 47 за едните, 51 за другите. Затоа секогаш ќе го влечеме тоа петно како држава додека не се реши тој проблем.

Вториот аспект кој сакав да го спомнам е како ќе се потрошат парите. За жал, господин Славески на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство потврди дека Владата воопшто не размислува за распишување на тендер. Цитирам: “во врска со стапките за договорените услуги, набавка на опрема и мебел”, би спомнал дека при усвојувањето на ребалансот на Буџетот во Парламентот остануваат 6 ефективни недели за искористување на предвидените средства и сами можете да заклучите дека воопшто не е сметано дека ќе се распишуваат нови тендери за набавка на возила и опрема познавајќи ја владината определба во првата година да има нулта трошоци за мебел, опрема и возила.

Јас верувам дека граѓаните на Република Македонија не гласале за ова. Во Преродбата пишуваше нула непродуктивни буџетски расходи за автомобили, мебел и слично до 2007 година или пишуваше во првата година од работењето во Владата во целост ќе се воздржиме од набавка на нови возила и мебел за канцелариите.

Еве тука има повик за набавка на возило во Управата за цивилна воздушна пловидба. Можеме да најдеме и други примери, тие барем распишале тендер иако се рекло дека нема купување на возила, но што правиме сега? Една од главните замерки или главните грижи што ги имаат граѓаните, а тоа, за жал, Брисел ни се

јавува како подобронамерен критичар што е поприфатлив за Владата отколку опозицијата и тоа како се трошат тие пари, како се трошат буџетските пари. Лоша е пораката, бидејќи мнозинството ќе го изгласа, пораката што ја читаат другите дека министерот за финансии вели за набавка на овие работи ај, првин ВМРО вели дека нема да набавува коли, а набавува, како се вика тоа сите добро знаеме.

Второ, самиот министер кој е дел од Владата односно колаицијата за подобра Македонија која се залагала за потранспарентна, поефикасна работа на првиот чин во ребалансот на Буџетот кога дискутираме вели дека нема време за тендерска процедура на која би се распределиле овие средства. Но, од друга страна нашиот Аналитички центар вели дека откако е дојдена на власт ВМРО-ДПМНЕ околу 60 илјади евра во овој момент по комерцијална цена има за огласи и разни работи. Дали 27 дена трае конкурсот за советници во Владата, па секој ден се иновираат, дали Министерството за здравство 20 дена бара менаџмент на половина страница во сите печатени медиуми, по цените кои постојат за политичките партии по нашите пресметки тоа чини околу 60 илјади евра. Тие пари од некаде се. Дали се враќаат за некој долг од порано за време на кампањата, не знаеме, но економичноста во трошењето што беше наведено од страна на коалицијата за подобра Македонија за која граѓаните гласаа, гледаме дека не оди во тој правец. Не можеме да прочитаме во весник вест дури 12 области од разни државни институции Влада, министри, Кабинет додека бараат нешто секојдневно. Нормално е конкурсот да се објави еднаш, а не 20 дена или го бараме вистинскиот човек.

Сериозно е прашањето како ќе се потрошат тие пари. Знаеме еден тендер со сите процедури трае 52 дена до чинот на одлуката, можеби некој ќе даде жалба, тоа ќе трае десетина дена, свесни сме дека тие пари треба да се потрошат до 29 декември оваа година, а немаме многу време и мораме да најдеме решение, но и одговор за овие прашања кои беа поставени како ќе го набавиме мазутот, од каде и како сите овие 5,7 милијарди денари ќе ги распределиме или дел од нив, во набавка на мебел, возила и опрема на начин кој е во согласност на законите на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Славески. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Навистина сакам да се извинам што земам збор, првобитниот план и намера беше да ги ислушам сите дискусии на почитуваните пратеници, но откако премолчав неколку очигледни извртувања на вистината на последната не можам и дозволете ми, прифатете го како мала човечка слабост.

Имено, пратеникот Макрадули е во предност што има пратенички имунитет, за разлика од кутрите новинари кои понекогаш навистина можеби под некои сугестии и самите завлегуваат во некои води во кои не треба да завлезат, но многу добро ја прочита реченицата и му благодарам што од збор до збор ја цитираше, веројатно од стенограм на Комисијата. Не знам како ја чита од напред или наопаку, многу е јасно, Владата нема намера да распишува тендери за набавка на она што се импутира затоа што нема намера да набавува.

Ако тоа се извртува дека ќе се набавува без тендери, можам да го убедам господинот Макрадули дека може мирно да спие, дека Владата нема намера да го крши Законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, имаме време до 29 декември да видиме дали Владата нема да набавува ништо, како што кажа министерот, само би го повикал да ја преземе политичката одговорност доколку тоа се случи.

Во овој момент јас му верувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам

Дали има контра реплика? (Нема).

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Дозволете ми во кратки црти да ги образложам своите забелешки по однос на текстот на Предлогот на законот за ребаланс на Буџетот. Се разбира овие забелешки се во насока на добронамерни укажувања кои можеби постои временски простор да се извршат некои корекции од страна на Владата.

На почетокот би сакал да се осврнам на делот на средствата кои се предвидени за еден многу значаен процес кој се одвивал од 1 јули 2005 година, тоа е процесот на децентрализација односно трасферирања на надлежностите во сферата на образованието, културата и социјалната заштита на единиците на локалната самоуправа.

Во текстот на ребалансот на Буџетот, почитуван министер, имате еден табеларен преглед од Владината програма А, во која со уредби и соодветна методологија е дадена сумата на средства која се трансферира како наменски дотации до единиците на локалната самоуправа.

Утрово добивме амандман со нов табеларен преглед, јас би сугерирал да го повлечете, бидејќи е полн со неточности, проверете ги, имено, силингот е тој, но имате огромни неточности по одредени општини, бидејќи настанала реалокација на средствата, но во вкупниот износ на крајот сумирањето е исто, што не соодвествува со средствата кои се доделуваат на таа општина. Знам дека по усвојувањето на тој ребаланс овој табеларен преглед ќе се користи за трансферирање на средствата до локалната самоуправа.

Еве, за ваша илустрација проверете само на три мали општини на број 38 Кривогаштани, 48 Новаци, на 53 Петровец, ќе видите дека

средствата кои се предвидени во амандманот воопшто не соодвествуват со вкупната сума која што на крајот резултира во завршната колона.

Но, иако тоа е технички пропуст кој што е доста значаен во поглед на натамошното трансферирање на средствата, позначајно е тоа што при започнување на процесот на децентрализација и беше јасно дека ќе се јават разни аномалии во поглед на фискални импликации во делот на зголемените надлежности на локалната самоуправа во зависност од моќта на одредена општина. Се покажа во пракса дека некои општини и покрај тоа што технички се направија опсежни подготовки и се усвои соодветна методологија која што беше дефинирана со законот за финансирање на општините на локалната самоуправа, но исто така соодветно беа донесени и уредби на методологијата за распределба на наменските дотации,во пракса се покажа дека за некои општини има во поголема или во помала мера доста висок недостаток на средства, посебно во делот на остварување на процесот на образованието, особено во делот на греењето. Тоа беше разбирливо,бидејќи имаше огромни турбуленции на пазарот на течни горива на кои што цената на нафтените деривати доста варираат и достигнаа рекордни размери. Значи, уште тогаш во тековната 2006 година на почетокот се јавија помали или поголеми реакции од страна на градоначалниците на одредени општини, за да се интервенира во тој дел, но исто така и во делот на подмирување на патните трошоци за превоз на ученици, за кои се утврди исто така дека за некои општини се недоволни. Знаете, на еден начин проектирате средства во Буџетот односно во ставката на Министерството, но во реалноста заради различни типови на конкуренција или неможност за остварување на тој процес, цената на превозот доста се зголемува.

Од тие причини и заедницата на единиците на локалната самоуправа реагираше и писмено и тогаш и сега и беше доставено едно барање, кое што верувам можеби стигнало до вас, можеби не, но одредени општини бараат зголемување на средствата во висина од најмалку 25%. Затоа, за мене лично беше неразбирливо доколку Владата пристапеше, ние лично размислувавме дека е потребно да се надоместат тие трошоци до одредени општини со ребаланс на Буџетот, но тоа не се случи во предвидениот законски рок на полугодието. Тоа значи во јули не е, заради разбирливи причини и заради изборите немавме ребаланс на Буџетот и навистина очекував сега Владата ќе интервенира со одредени средства на зголемување на оваа ставка во делот на образованието кој изнесува за основно и средно образование околу 820 милиони денари, но очигледно е дека ќе се јават проблеми за покривање на тие трошоци и можеби ќе треба да се интервенира.

Второ нешто за кое што сакам да дискутирам, знам дека оној кој што го реализира Буџетот е соочен со доста судски решенија, кои што ги зголемуваат трошоците, особено непланирани, бидејќи имаме голема правна недисциплина од страна на буџеските корисници, затоа што имаме индивидуално и колективно непочитување на законските акти и прописи. Судовите носат одлуки и министерствата односно Владата ги одмирува тие трошоци во помала или во поголема мера. Тоа е процес кој што верувам дека и оваа Влада и во наредниот период ќе ја мачи, но еден мотив зошто би се осврнал на овие проблеми е излагањето на владиниот претставник на седницата на Комисијата за транспорт и врски, на која што при образложувањето на расходните страни кажа дека во делот на платите на вработените во администрацијата на Министерството за транспорт и врски се намалува ставката заради одстранување од платниот список на подрачните претставници на Министерството за транспорт и врски, кој што пред процесот на децентрализација беа околу 370, после разни притисоци и покрај тоа што локалната самоуправа имаше обврска со дадениот биланс на Буџетот и прифаќање на инфраструктурата и другата опрема да ги прифатат и вработените, сепак, тоа не се случи со околу 70-тина вработени. Тие вработени сеуште теоретски се на платниот список на Министерството за транспорт и врски. Сега, со овој ребаланс на Буџетот нивните плати се отстрануваат.

Дозволете да искажам сомневање дека ќе започне уште еден судски процес. Впрочем и УПОС матичниот синдикат кој што ги застапува овие работници го најави тоа во весниците и верувам дека тој процес ќе предизвика дополнителни финансиски импликации. Прашањето е кој ќе го плати цехот. Навистина, постои правна нејаснотија што ако локалната самоуправа не сака да го прифати работникот кој што е понуден како технолошки вишок, а во овој случај навистина станува збор за класичен технолошки вишок. Постојат два начини, како што е на поголемиот дел од пратениците познато, особено оние кои што се занимавале со таа проблематика на решавање на технолошкиот вишок, Едната е преземање од страна на други институции и тоа во овој случај не се испочитувало до крај. Значи, општините не сакаат да ги преземат, а навистина за мене е чудно, бидејќи во последно време доста се актуелизира хаосот во урбанизмот, бидејќи се потенцира постоењето на тн., урбана мафија, каде што огромен дел од овие работници се градежни инспектори, кои во изминатиот период на терен ја обавувале својата функција, а сега наеднаш стануваат технолошки вишоци. Но, и покрај тоа, доколку институцијата со одреденакт не сака да ги преземе, тогаш матичната институција е должна да ги прогласи за технолошки вишок, бидејќи Министерството за транспорт и врски има нова систематизација, каде што нивните работни места се згласнати, па во тој случај е потребно да се исплатат до шест

плати, според новите законски решенија во зависност од работниот стаж кој што го има работникот кој што се прогласува за технолошки вишок. Ако имате намалување, одлевање на планирани средства, се поставува прашањето дали тоа ќе го плати Министерството за финансии или во случај на судски спор верувам дека средствата енормно ќе пораснат. Јас би препорачал а се подразбере во тој сегмент, да се консултираат правните служби, бидејќи без своја вина креаторите на буџетските средства не можат да ги планираат овие правни последици и се јавуваат проблеми во реализацијата на Буџетот.

Едно од прашањата, не би сакал да се повторувам, но навистина мислев дека ќе можете да интервенирате на барањето односно на претходната одлука на Владата за тутуно производителите за дополата на стимулацијата од 15 денари, бидејќи логично е кога човек размислува, ако имаме толкав голем одлив на средства во Буџетот за социјални трансрери, а станува збор за групација која што си го заработила својот леб макотрпно со работа на еден индустрискио производ кој што добро котира на берзите, мислам дека требаше да се изнајде начин и оваа категорија навистина доста социјално зогрозена категорија на населението, да добие соодветна сатисвакција за својот труд. Моите колеги претходно веќе потенцираат дека можеа да се изнајдат начини, само требаше да се покаже добра волја. За жал, добрата волја отсуствуваше.

Последно, како едно завршно размислување, почитуван министер, вие потенциравте дека во последен момент Владата, заради потенцијална енергетска криза во Република Македонија мораше да интервенира со амандман кој што речиси една четвртина од средствата предвидени со ребалансот, нови средства, се одлеваат за набавка на течно гориво, мазут за ТЕЦ Неготино. Евидентно е дека енергетската криза и во иднина ќе ни се заканува. Бидејќи Република Македонија не располага со доволно потенцијали и ресурси со кој што ќе се покрива овој дел. Но, дозволете да дадам едно свое размислување, кое што можеби за ребалансот на Буџетот е доцна, меѓутоа при креирање на народниот Буџет ќе го имате предвид. Би било добро и корисно за Република Македонија, доколку се зголеми нивото на капитални инвестиции во делот на финансирање на понатамошна галсификација на РМ. Ова го тврдам, бидејќи има добра волја и од нашите соседи и од Грција и од Албанија да се придружат во еден мултинационален или мултирегионален проект во кој што гасификацијата на овој дел на Балканот, би станала еден од приоритетите во инфраструктурните вложувања. Мислам дека еден од проблемите во енергетскиот сектор долгорочно би започнал да се решава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на извршната власт,

Сскам да кажам неколку зборови во обид да придонесам за конструктивна дискусија во делот на ребалансот на Буџетот, бидејќи како пртседател на Комисијата за контрола на Управата за безбедност и контра разузнување и Агенцијата за разузнавање, на минатата седница имавме седница на Комисијата и го поддржавме, акламативно дури едногласно предлогот на ребалансот. Особено и двете Агенции, иако имаат хроничен недостаток на пари во подолг временски период, бидејќи имаше некои покачувања во делот на нивниот буџет, искажаа особено задоволство и ние разговаравме со претставниците за една можност во делот на изготвувањето на Буџетот, да се обидеме да најдеме средства, со кои што ќе помогнеме во развојот на овој сегмент од безбедноста кој е од исклучително значење, со оглед на местоположбата на РМ и од околностите во кои што во овој момент се наоѓаме.

Денес добив едно писмо во кое што ме информираат дека Владата на последната седница, заради оваа можна евентуална енергетска криза, симнува дел од Буџетот, а не е голема стафка, се работи за околу милион денари, но сметам дека, јас сакав да поднесам амандман но ми рекоа дека не е можно, па би ве замолил вас како претседател на Собрание да размислиме за таа можност во вакви случаи да ни се дозволи да поднесеме амандман, бидејќи претставуваме одредени сегменти чие што функционирање е многу битно. Се работи за буџетска ставка во делот од 482 каде што се други градежни објекти, поставка 4829 30 конструкција на други објекти во износ од милион денари. Тоа се некаде 15 до 16-тина илјади евра кои што им се симнуваат. Само да напоменам дека во писмото се кажува дека благодарение на она што го имале во Комисијата, веќе имаат одредени договори напрвено и дека исто и Агенцијата за разузнавање има неподмирени обврски за електрична енергија и останатите комунални услуги во износ околу 2.600.000 денари, за кои што не можеле да се пренаменат средствата од капиталните расходи, категорија 48 каде што припаѓаат средствата кои дополнително се скратени на Агенцијата за разузнавање. Не сакам да елаборирам, претпоставувам оваа Влада како претходните и идните ќе имаат јасна претстава за нашето стратегиско насочување во делот на расход во енергетската стабилност во државата. Меѓутоа, сметам дека ова не е голема ставка и ако веќе дел од парите се пренасочуваат, зошто не се дозволи на самата Агенција за разузнавање, да подмири еден дел за она што го има за електрична енергија. Можеби веќе ако Владата го симнува овој милион денари, да им дозволи со друг амандман кој што би го поднеле да може да ги подмири сметките. Затоа што, ако се тргне

овде да се плати на друго место, а станува збор за една сериозна институција, мислам дека не е коректно. Во амандманите кои што дојдоа гледам дека и другите агенции, дирекции и други министерства од областа на безбедноста и сигурноста на граѓаните, секаде е симнувано. Дали треба да се симне од Буџетот на овие инситуции или да се размисли за дел за штедење на енергија, дел за пренасочување од други средства за надминување на евентуално енегетска криза, би апелирал до Владата до донесувањето на конечниот ребаланс, да размисли за овие милион денари и дел од другите средства, од другите агенции, дирекции по можност да се врати или да се пренасочат токму во делот каде што се симнаа за плаќање на евентуалните долгови за електрична енергија и слично.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Јован Манасиевски. Повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министре,

Дозволете ми на кратко да ги изразам своите ставови околу овој предлог што е денес пред пратениците. Прво, ова до сега не се случило и навистина сум непријатно изненаден што за само десетина дена Собранието добива, всушност два значително различни ребаланси. Затоа што, за преку 20% се сменети алокациите од ребалансот што ни беше испратен пред неколку недели. Ваквиот владин потег е индикатор за неколку состојби.

Прво и она што е најстрашно за една страотна некоординација во Владата, затоа што несватливо е за само 10 дена разлика од предлогот од едниот до другиот текст, Владата да сфатила дека на Македонија и претстои страшна енергетка криза и врз основа на тоа да пренасочува преку 20% од предложениот ребаланс. Овој факт треба сите да не загрижи и сите пратеници и парламентарното мнозинство и самата Влада за ваквата целосна некоординација на владините политики и приоритети.

Она што исто така е значајно, целата расправа што се водеше во собраниските тела на овој начин е ставена во аут, направена е безпредметна, затоа што сите дискусии во работните тела и заклучоците што беа заземени, како и сите пратенички амандмани се ставени во аут со овој амандман на Владата. Така што, дефакто, ние како резултат од овој амандман ќе имаме една комплетно дистозирана расправа и за тоа целосната одговорност ќе ја сноси Владата. Оттаму она што можеше да се спаси во последен момент беше во текот на вчерашниот и денешниот ден да се одржат уште една седница на најмногу засегнатите работни тела, за да може да се испраат состојбите.

Втора битна работа што ја покажува овој ребаланс и дека принципиелните определби на Владата траат само 40-тина дена. Имено, толку помина од експозето на премиерот Груевски до ребалансот што беше понуден на Собранието. Почитуваниот премиер во своето експозе на три пати посочи дека Владата ќе има нула трошоци за мебел и возила. Во ребалансот што ни беше понуден преку 11 милиони евра се зголемува иницијалниот буџет за таа намена во 2006 година. При тоа, бевме убедувани дека не се зголемувал Буџетот, за сега со амандманот на Владата да видиме дека тоа зголемување се намалува за 150 милиони денари. Ако не се зголемувал, тогаш од каде сега намалување. Значи, сега со овој амандман ставката се намалува за 153 милиони во однос на првично предвидената, меѓутоа, се уште е поголема за 520 милиони.

И само за да илустрирам, токму во Министерството за финансии се покажува со овој амандман колку всушност, со ребалансот што ни беше понуден пред две недели се планирало нерационално да се потроши.

Имено, со амандманот на позициите од Министерството за финансии се крати преку 1,5 милион евра за мебел и возила. И тоа, да посочам. Во самото Министерство за финансии помалку 35 милиона за мебел. Во функции на државата помалку 30 милиона. Во Царинската управа помалку 9 милиона и во Управата за јавни приходи помалку 20 милиона. Значи, само во Министерството за финансии 94 милиона.

Значи, господине министре, ова покажува дека ЛДП кога пред 10 дена ве предупреди дека ова се нерационални трошења, дека потполно била во право и јас сакам да ви заблагодарам што барем малку се корегиравте. Од предвидените 670 милиони за потрошувачка на мебел и возила, еве сте скратиле за 153 милиона и тоа е успех, земајќи го предвид она што го понудивте пред две недели во првата верзија на ребалансот.

Како што посочив, овој амандман на Владата радикално го промени ребалансот, така што сега ние разговараме за сосема друг документ. Кратењата што се направени се во многу суптилни области и области каде што се нашите стратешки приоритети. Ќе посочам само неколку. На Министерството за надворешни работи му се крати за преку 3 милиони евра. За 180 милиони денари, пари предвидени за купување на амбасада во Брисел, во седиштето на Европската унија и НАТО.

Господине министре, пред само неколку дена за тоа се сведоци сите членови на Комисијата за надворешна политика, од претставниците на Владата бевме убедувани дека амбасада ќе имаме до почетокот на декември. Сега гледаме дека од тој капитален проект, за жал, нема ништо. Се разбира, ова не би не плашело, доколку не е во согласност со политиката на оваа Влада на мали, ситни амбиции во однос на Европската унија. И тоа сите мора нас политички да не загрижи. Значи, во центарот на Европската унија и во НАТО, при чисто обезбедени 3 милиони евра, ние не ги реализираме и нема да

имаме за жал, објект кој што е неопходен за извршување на нашите функции на патот на европската интеграција и на патот на НАТО интеграцијата.

Во Министерството за внатрешни работи кратите 80 милиони денари. Токму кога Комисијата за одбрана и безбедност ја пофали Владата дека на овој начин ќе излезе во пресрет, особено на потребите на граничната полиција. На овој начин, со ова кратење, особено во ставките за гориво, ќе се доведе во прашање извршувањето на функциите на граничната полиција, затоа што овие средства во најголем дел се насочени за потребите за гориво, поради тоа што како што ви е познато, оваа година светската цена на нафтата исклучително порасна. Така што, предвидените средства нема да бидат доволни и граничната полиција за жал, нема да може да ги извршува сите потребни функции со ова кратење.

Во Министерството за одбрана кратите цели 230 милиони денари, или речиси, 4 милиони евра.

Сакам да ви укажам дека со стратегискиот одбранбен преглед, документ, што со консензус беше донесен во Собранието, има прецизни рамки во кои што мора да се движи Буџетот на Министерството за одбрана во однос на бруто домашниот производ. Со ова последно кратење што го предлагате со овој амандман, вие ставката за трошоци за одбрана во однос на бруто домашниот производ ја носите некаде на границата од 2%, што е исклучително ризично, затоа што НАТО Бенџмаркот за трошоци во одбраната е 2%, а обврските што ние ги презедовме на патот на нашата НАТО интеграција и обврските што впрочем, и вашата Влада ги потврди со најновиот национален план што го усвоивте во септември, значи пред неполн месец, утврдивте нешто сосема друго. Така што, се плашам дека една исклучително сериозна организација, како што е НАТО Алијансата, кога ќе ги види овие резултати, едноставно ќе ја доведе во прашање нашата сериозност. Затоа што, не може да си играме и така драстично да ги намалуваме ставките на нешто што консензуално сме превзеле дека ќе биде наша обврска. Така што, со овој амандман големи проблеми ќе му направите и на министерот за одбрана и на министерот за надворешни работи, затоа што ќе треба во Брисел да го бранат ова драстично намалување на средствата за одбраната.

Исто така, во оваа прилика е уште една од овие реперни точки каде што вршите големи кратења. Сакам да посочам тоа е областа на земјоделието каде што кратите за цели 167 милиона, или речиси 3 милиони евра. Полна устата беше на оваа Влада и на парламентарното мнозинство дека со оваа Влада земјоделците ќе добиваат, меѓутоа, тоа што им го дадовте вчера, денес им го земате и тоа треба јасно да го образложите тука зошто тоа го правите и каква е таа принципиелна политика денес да дадеме на одреден сектор да добиете пофалби, саморекламирање и рекламирање, а утре со амандман сето тоа да го одземете.

Значи, посочив некои од најкритичните кратења, кои што не може да се оправдаат, особено затоа што сето ова не може да се оправда, имајќи ја предвид причината поради што ги бараат овие средства и имајќи предвид начинот на кој што имплицитно најавивте дека овие средства, со овој последен амандман за соочување со потенцијалната енергетска криза ќе бидат потрошени.

Очигледно е дека таа набавка не може да се изврши врз основа на Законот за јавни набавки, туку со непосредна спогодба. Мислам на последната набавка за мазут за потребите на термоенергетскиот комплекс Неготино.

Предлагам, бидејќи така направивте целосна конфузија со амандманирање на Буџетот за преку 20% во последен момент да размислите, Владата да достави овие денови, додека трае буџетската расправа, уште еден амандман, со кој што нема да бидат кратени средствата во овие делови каде што посочив, во земјоделието, во Министерството за внатрешни работи, во одбраната и во Министерството за надворешни работи, а на сметка на тоа сите иницијално планирани над предвиденото 670 милиони денари за мебел и возила, ќе ги пренасочите во решавање на овој, како што велите вие, ургентен проблем.

Се надевам дека како што Владата во овие десетина дена на јавна расправа сфати дека со овој ребаланс всушност, оди контра своите политички определби дадени тука во Собранието и контра разумното и рационалното однесување дека така и во наредните денови ќе го прифатите овој апел од повеќе пратеници и дека веќе ако сметате дека мора да настане ново лоцирање на средства за соочување со потенцијалната енергетска криза, тоа ќе го направите не од вака критични ставки, туку од ставки кои што може да издржат намалување. Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Би сакал на господинот Манасијевски да му дадам одговор на неколку од прашањата. Можеби од тонот на неговата дискусија заклучив дека ги бара веднаш и затоа се јавувам за збор.

Во врска со постојано повторуваната манипулација за ставките мебел, опрема, возила, машини, односно тоа е една ставка, сакам за прв и за последен пат, ова нема да го кажам и во завршниот збор, кој што ќе го добијам. Да повторам нешто што беше објаснето и на комисиите и како соопштение што беше пратено до сите медиуми во Република Македонија.

Почитувани, буџетското сметководство, како и секое сметководство ставките ги прикажува агрегатно. И не можеме буквално како во едноставното двојно сметководство да ги читаме од насловите на одделни позиции содржините. Тоа е работа за експерти и специјалисти. Верувајте понекогаш и мене ми треба

дополнителни напори да продрам позади тоа што стои зад името на некоја сметка. Да ви кажам, тие првобитно предложени 467 милиони денари на позицијата купување на мебел, опрема, возила и машини, во вкупен износ од 467 милиони денари за што беа предвидени. Од тие 467 милиони денари, 360 милиони денари се трошоци за поврат на данок за додадена вредност за капитални проекти по основ на донации.

Второ, за исплата по основ на судски извршни решенија се предвидени од таа сума 39 милиони денари.

Трето, за исплата на набавена посебна опрема во Министерството за одбрана 24 милиони денари. Значи, фактурата стои, некој ја ставил во фиока и некој повеќе одговорен, треба да ја плати. Тие што ја испорачале опремата очекуваат сметката да се плати.

Четврто, за извршени набавки во текот на годината за компјутерска опрема, мебел и друга канцелариска опрема за повеќе буџетски корисници во износ од 44 милиони денари.

Ова е одговор на вашето омилено и често повторувано прашање. Видете сега Владата каде планира да троши за мебел, возила, опрема и т.н.

Понатаму, колку што почитуваните претставници од опозицијата се плашат, односно го критикуваат зголемувањето кое што го предложивме со ребалансот на Буџетот, исто така подеднакво се плашат од неопходните сега намалувања, или приспособувања на потребата да одговориме на енергетската криза.

Сакам да ве убедам дека ниту Министерството за одбрана, ниту Министерството за надворешни работи, ниту Министерството за внатрешни работи, ниту Собранието, ниту секој овде од нас лично, како резултат од ова што сега се предлага како приспособување со новиот амандман на Владата, нема до крајот на годината да почувствува никаков проблем. Ќе функционираат овие органи навистина, перфектно до крајот на годината. Ние сме во тоа убедени и зголемувањата претходно и овие сега релативно мали намалувања се направени во консултации во договор со претставници на тие буџетски институции.

Земјоделците,ќе добијат непречено снабдување со електрична енергија, како и сите ние пратениците кои што ќе можат непречено да ги подготвуваат своите прекрасни говори овде. Само за да нема забуна од над 825 милиони денари, кои што беа предвидени за директна поддршка на земјоделското производство, ние бевме принудени да скратиме само 80 милиони денари. 50 милиони денари во програмата за поддршка на земјоделието и 30 милиони денари во областа на ветеринарната заштита. И тоа, повторно на позиции кои што не се страшни, односно се безболни. Значи, агрегатното намалување е само 10%, или помалку од 10%. До 167 милиони денари, денеска објаснивме на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Значи, другата половина се позиции градежни проекти, кои што или нормално ќе се завршат во наредните 6-7 недели до крајот на годината, или пак немале никаква шанса да се завршат. Вие знаете, тука сме и практични луѓе и една куќа да градите не можете да ги натокмите до денар планираните средства, со она што ќе се заврши во текот на периодот. Особено во дејност која што е од сезонски карактер, како што е градежништвото.

Значи, навистина јас би ценел доколку сакаме јасно пред нас и пред граѓаните да предочиме за што станува збор, се користиме навистина, со еден коректен и фер пристап во анализа на проблемите на прашањата.

Мислам дека не е коректно некој да да обвинува Владата за конфузија наводна, затоа што поднесува амандман за решавање на проблемот со енергетската криза, затоа што рековме ние и во моето експозе, дека навистина ние го плаќаме цехот на неодговорното однесување на претставници од претходната влада и од нив назначени раководители на некои јавни претпријатија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Јован Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Навистина е забавно образложението на министерот за финансии дека нема да има никакви проблеми во функционирањето на Министерството за внатрешни работи и на одбрана до крајот на годината. Е, па, може да нема, господине Славески ќе ви кажам како. Ако со Правилникот за работа на граничната полиција е планирано да има две патроли дневно, командирот кога ќе види дека нема бензин, тој наместо две ќе направи една патрола, или ниту една. Значи, можно е граничната полиција ќе постои и ќе функционира до крајот на годината, меѓутоа, ќе функционира осакатено, ќе функционира на хартија. Во програмата за АРМ, за нашите вооружени сили кратите 140 милиони денари. Точно е, повторно ќе имаме Армија, вооружени сили, меѓутоа, наместо да одат на вежба еден ден неделно, ќе одат еднаш на две недели. Тоа ќе го одлучи командирот, затоа што ќе види дека нема средства. Вие сосема тука можете комотно да кажете во Парламентот дека воопшто нема да се одразат овие кратења на функционирањето на граничната полиција, или на некој друг дел од безбедносниот сектор. Меѓутоа, тие ќе се одразат со намалувањето на стандардните практики што се нужни за овие делови на безбедносниот сектор да бидат во кондиција. На тој начин, всушност, вие одземајќи ги овие средства од овие делови всушност, правите ослабување на вкупниот безбедносен систем. Или, еве ви ја програмата за интеграција во НАТО. Од неа кратите 14 милиони денари. Тоа можеби не звучи многу, меѓутоа, повторно ако се има предвид стратешка определба, секое

задирање во стратешки определби е лошо. Затоа што луѓето во Брисел го читаат тоа и велат дека оваа Влада крати од овие работи кои што очигледно не и се приоритетни.

Значи, точно е, може да се преживее на едно минимално ниво и со овие кратења, меѓутоа, го немаме потребниот квалитет, оној за кој што сме се декларирале и оној кој што е потребен за исполнување на стандардите. Функционирањето на граничната полиција е еден од темелните столбови на исполнување на стратегијата за интегрирано гранично управување. Тоа впрочем, денес беше кажано на Комисијата за европска политика. Ние со вакво штедење во наводници, можеме точно да ја истуркаме годината, меѓутоа ќе ги доведеме во прашање функционирањето на основните безбедносни прерогативи на една држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот Славески.

**Трајко Славески:** Навистина сум многу непријатно изненаден, поранешен министер за одбрана, кој што нема поминато 15-20 години од завршувањето на функцијата, си дозволува да дава такви паушални оценки за работи кои што имаат навистина сериозен карактер во функционирањето на нашите безбедносни и одбранбени сили и граничната полиција.

Јас како цивил, тоа не би го направил, а никако не би помислил ваква дискусија во македонскиот Парламент да изнесам како поранешен министер за одбрана. Навистина морав ова да го спомнам.

Господине Манасијевски, затоа што беше доведена, еве и јас ќе си дозволам нешто што можеби е информација која што е посензитивна. Ако беше доведено нормалното функционирање на овие единици во прашање, ние брзаме со ребалансот. Бидете спокојни дека има намалување овде од зголемувањето. Вие постојано не сакате да разберете. Ние намалуваме малку од она што многу сме зголемиле. Значи, има намалување кај Министерството за внатрешни работи на две ставки, кај комунални услуги и кај договорни услуги. Никако, во однос на она за што вие зборувате. Претходно, со ребалансот, да ве потсетам, ако не можете да ја најдете таа бројка, предложивме зголемување на средствата за граничната бригада за 307 милиони денари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас имам еден предлог, ако немате ништо против. За вакви чувствителни прашања да избегнуваме на оваа седница, која е за ребаланс да дискутираме во бројки, во перформанси и т.н., затоа што тоа е чувствително. Можеме да имаме и затворена седница за тие прашања, а можеме на седницата за пратенички прашања ова исто така, да го апсолвираме. Но, ако сакате, господине Манасијевски реплика, повелете.

Благодарам господине претседателе. Наведените ставки во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана се транспарентни. На тоа сме обврзани и со НАТО правилата, така што нема никакви ограничувања. Напротив се охрабрува и подржува транспарентно разговарање за овие работи. Токму господине Славевски кога говорите за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, од 500 милиона намалувате за 440 милиона. Значи, тоа се однесува токму на користењето во делот на мобилноста и на граничната полиција, меѓутоа и на останатите делови пред се на униформираниот дел на полицијата.

Повторно не ми одговоривте на најсериозната работа. Спротивно на стратешкиот одбранбен преглед, на нашите настојувања, сите наши политички, на националната годишна програма која вашата Владата ја усвои кон крајот на септември, вие одите на намалување на Буџетот за одбрана во однос на бруто домашниот производ. Тоа е бенчмарк каде што не смее да се пипка, господине Славевски, се разбира доколку сакаме да останеме сериозни и доколку нас на сите ни е убаво како што вчера читаме во весниците дека поранешниот бугарски министер, министер на земја членка на НАТО ја фали македонската одбрана како подобро организирана и подобро напредната во реформите, од бугарската која е членка на НАТО. Меѓутоа, тоа беше постигнато со тоа што неколку години овој бенџмакр го држевме прецизно и дисциплинирано. Не е добро при првиот поголем проблем со Буџетот да се попушти тука. Значи тука треба да се издржи. За тоа имате подршка од сите пратенички групи во Парламетот и тоа не само сега во овој Парламент, туку и во континуитет. Затоа, повторно велам не е добро во тие делови каде се нашите стратешки определби, во тие делови да се пипка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии господинот Славевски.

**Трајко Славевски:** На господинот Манасиевски, поранешен министер за одбрана, му благодарам за подршката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван министре, ако продолжите вака да објаснувате, дури тогаш, неконфузија, туку тогаш ни најголемите експерти нема да ве разберат, а камо ли пак јавноста да сфати.

Само пред некој ден, на Комисијата за економија, кога го поставив прашањето за ставката мебел опрема и возила, зошто е толку зголемена, одговоривте дека воопшто нема нерационалност и до денар е точно пресметана, дека толку ќе биде и ќе биде исправно потрошена, за денес да кажете дека ја намалувате за 153 милиони, јас мислам дека треба уште за 300 милиони да се намали и да си остане на првата предложена од Буџетот, мислам во основниот текст, на 140 милиони.

Сега се поставува прашањето како тогаш овие 153 милиони денари кои сега ги намалувате, кои беа до денар точно пресметани, како што вие не убедувавте и дека рационално ќе бидат трошени, сега се откажувате од тие пари. Тоа само потврдува едно дека и тогаш и сега не реално ви се планирани ставките зад кои можат да се скријат трошоците.

Второ, не убедувавте дека до денар се потребни парите за субвенции во земјоделието. Сега на еднаш се откажувате од некаде 80 милиони, по она што ни го кажувавте на Комисијата за земјоделие. Имено до денар точно тогаш пресметани, сега 80 милиони денари е разлика. Истото се однесува околу градежните објекти, како што кажавте за во земјоделството. Јас кажував во Комисијата за земјоделие дека не е добра таа пресметка, а вие ме убедувавте дека е точна и сега велите - или ќе се завршат, или нема да се отпочнат. Видете во стенографските белешки, така рековте. За 60 милиони денари се работи господине минстре. Дали тогаш за 60 милиони денари сте ја надцениле таа ставка?

Овие аргуменит кои сега ги кажувате, точно укажуваат дека сме биле во право, дека нереално сте ги планирале трошоците. Убеден сум и понатаму дека од ставката за опрема и мебел, други трансфери, ситен инвентар, има можности да се обезбедат средства за другите намени. Но, очигледно како Министерстово западнавте во една конфузија, не заради стручните служби што се во Министерството, туку заради политиката што ја наметнувате на таков начин за нетранспарентно трошење на државните пари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Почитуван господин претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, дозволете на почетокот да направам една мала дигресија, да побарам едно објаснување што претседателот на Парламентот го направи во однос на прашањето или пак на дилемата што ја отвори еден поранешен пратеник од опозицијата, мислам дека тоа беше господинот Никола Поповски, во однос на начинот на претседавањето, или пак штетата што се предизвикува на работата на Парламентот, поради неможноста на давање придонес и во некои комисии кои се раководат од пратениците на коалицијата ДУИ-ПДП. Го барам ова како можност за објаснување, затоа што не сакав да земам збор претходно за тоа, кога се отвори оваа теза за значително да се наруши и добриот тек на седницата. Значи ние се надеваме дека набрзо Парламентот, со подршка на претседателот, ќе изнајде форма за овозможување на потполна реализација на работата на комисиите, во согласно со Деловникот на Парламентот односно со членот 3 и дека прашањата кои се во однос или пак што можат да се уредат со Деловникот и кој ќе може да се надополни, како што беше кажано тука, сигурно дека има место и за унапредување на ова прашање и за други исправки што не се од оваа природа, меѓутоа, секако за доброто продолжување на работата на комисиите, доволен е и сегашниот Деловник кој во членот 3 го објаснува ова прашање.

Сега ќе преминам на делот на општата расправа, тоа што се однесува на ребалансот на Буџетот.

Ребалансот на Буџетот секако дека не е годишен Буџет, антиципиран за целата година, туку е можност за една корекција, можност за адаптација на потребите и на тековите со јавните средства во оваа област. Секако дека таму не може да се апсорбираат сите пашања што всушност ќе имаме прилика да ги апсорбираме тогаш кога ќе расправаме за годишниот Буџет, во годинат што следи. Меѓутоа, сепак е добра прилика за да се види филозофијата, почетната филлозофија за реализација на идната буџетска политика за да се види како ќе се направат овие приспособувања во однос на овие нови потреби кои исто така се и наметнати над овој приcип и приоритетите кои се значајни затоа што и во рамките на ребалансите, или пак на ребалансот на Буџетот, тие како важни прашања треба да останат во основните текови, меѓутоа не засегнати затоа што тоа што може да се приспособи, тоа што може да се адаптира или пак на некој начин да се минимизира, не треба да бидат или не смеат да бидат прашањата кои се приоритетни, или пак политиките, било да се и тие консензуални на Република Македонија и политиките кои се гарантирани дејности, секако, со закон.

Сакам уште на почетокот да кажам, господине Славески дека наспроти вашето објаснување за причините кои беа дадени во првиот дел од вашето експозе, кое експозе јас го имам тука пред мене, за целите, намерите и причините за овој ребаланс, со новото амандманирање што вие на непотребен начин, со задоцнување го поднесовте овде во Парламентот. Не можеме да го избегнеме впечатокот дека сепак се создаде непотребна конфузија која не принудува нас да расправаме за ова прашање затоа што една ваква силна ориентација на средствата и така порано образложени како многу потребни во една нова реорентација, мислам дека има потреба за расправа и објаснување, затоа што пак на крајот на краиштата тоа се јавни средства, средства кои извираат од даночните плаќачи. Секако една таква ориентација во една или во друга насока не може да помине без да се објасни, од причина што тоа се наши обврски како луѓе избрани од граѓаните. Значи, обврска за транспарентност и за разјаснување на начините како ќе се искористат овие средства кои еднаш беа образложени, тогаш кога се донесе Буџетот. Значи, на почетокот на 2006 година, потоа се образложија тогаш кога беа предложени причините ребаланс на Буџетот и сега веднаш после два три дена, или четири, колку поминаа, еве повторно треба да се образложат, меѓутоа малку поинаку, во однос нас амандманот кој вие го поднесовте и кој не е мал амандман, ги тангира определени политики и сфери за кои со право некои пратеници покренуваат и прашање

затоа што е многу тешко упорно да се брани еден торшок или пак една ставка во Буџетот и да го образложиш тоа со неопходноста од една таква бројка, а потоа многу лесно да образложиш дека истото нема потреба да биде во овој ист Буџет и треба да се ориентира за една друга цел. Значи, ние граѓаните секако имаме потреба од објаснувања и ќе беше добро доколку и овој амандман биде претходен дел од предлогот за ребаланс на Буџетот и тука да се објаснеа прашањата така како што треба и како што ќе беше можно да бидат одбранети од вас како предлагачи и ние да немавме потреба да го отвараме тоа прашање или пак да имаме дебати кои всушност тука се реализираат со право, би рекол, затоа што пак ќе повторам, еден ваков амандмански предлог донесе конфузија и нарушување кое, дали е резултат на несоодветна координација во Владата, во определени сектори, а вие, врзано со Буџетот, имате главна улога. Дали е тоа резултат на претходно непланирање за можната состојба која можела да доведе до обврска, или при принудувањето за реалоцирање на средства во оваа насока, значи, едно не конзистентно планирање, или пак дали е резултат на една брза криза која ги оправдува двете претходни, мислам дека е јасно прашање затоа што тоа не е амандман, или пак не е ситуација која дојде како разултат на 24 часовна криза или пак 48 часа. Се знаеше каква беше ситуацијата со енергетиката во земјата, се знаат и потребите на земјата, дури и на регионот по однос на едергетиката. Една таква работа требало да се планира во времето кога почна да се работи ребалансот на Буџетот за да не дојдеме до вакви несакани ситуации. Од друга страна како што реков на почетокот, ребалансот како таков е можност да се види и филозофијата на градењето на Буџетот и за идната година што верувам дека ќе имаме можност да расправаме, тогаш кога ќе дојде на дневен ред. Меѓутоа, и тука може да се види една таква тенденција. Јас мислам дека има нешто што за мене е нејасно или пак е недоволно објаснето, или пак на некој начин дури оди во насока на редуцирање на едни досегашни политики, или пак не реализирање на едни ветени политики во текот на вашата предизборна кампања, во однос на прашањата кои се поврзани со Буџетот затоа што една таква политика која не наоѓа подршка во претходниот Буџет, може да се дискутира, меѓутоа без средства таа е осудена на неуспех. Тука имам во вид дека се прави и една тенденција за покривање на недостатоци од минатото, нешто што сигурно е добра работа, тоа што се покриени долговите на општините, долгови што ги имале во почетокот на седми месец во 2005 година, во областа на децентрализацијата, а во врска со тоа и расходите на ниво на училиштата. Тоа беше последен момент за реализирање на една таква работа, меѓутоа не гледам нешто поинаку во политиката што на некој начин би одело во вистинска ориентација или нова политика во структурата на Буџетот. Сигурно е тешко тоа да се констатира во ребалансот. Затоа јас очекувам во Буџетот за идната година да се види и од аспект оваа структура, да се види кое е тежнеењето на актуелната власт во насока на реструктуирање или пак внатрешните структури на Буџетот, кога се има предвид фактот дека многуте средства кои одат за плати и други надоместоци, на режијата или тој постојан дел на трошоци, секако дека тоа не остава многу простор за развојниот, инвестирачкиот дел на Буџетот за што се уште немам доволно аргументи да ја аргументирам таа теза до крај. Меѓутоа, во Буџетот би сакал да видам една поразвојна ориентација, разгледуваајќи ја и внатрешната структура на истиот, поаѓајќи од фактот што сум имал или пак сме имале такви искуства кога ваквите внатрешни ориентации не секогаш биле лесни. Меѓутоа, време е кога треба да се преземат и такви чекори затоа што структурата на Буџетот, или пак предноста на инвестирачкиот дел, капиталниот дел на сметка на овој константен дел кој е потрошувачки, е и ќе биде уште во одредено време значителниот дел на инвестициите во Република Македонија. Ние и во минатиот мандат направивме тоа што е оптимум на внатрешниот придонес за повисок развој, да речеме над 5%, затоа што реализиравме една макроекономска стабилност што беше наша задача и предуслов за гарантирање на можноста за доаѓање на странски инвестиции. Меѓутоа, бидејќи не дојдоа странски инвестиции, наспроти нашата работа што ја направивме за макроекономската стабилност, степенот на развојот не ги надмина тие 4%, иако беа предвидени 5 или 6%. Вие предвидовте разбој од 6 до 8%. Мислам дека времето ќе покаже дали тоа е реално, или не. Меѓутоа, мислам дека за реализација на едно такво тежнение, треба да се види и да се даде придонес и преку Буџетот затоа што инвестирачкиот или развојниот дел или пак ориентација кон развојна политика преку Буџетот ќе биде и верувам дека уште одредено време ќе биде основната компонента, за жал, на развојот. Тој развој од 6 до 8% јас би сакал да се реализира. Меѓутоа, сигурно тоа треба да се види и од аспект на Буџетот дали ќе може да се реализира. Јас би сакал да се реализира, затоа што има една цела област на јавни трошоци или расходи кои воглавном поради конзистентноста и нивната одржливост се поврзани преку и препораките, меѓутоа и политиките што ние сме ги присвоиле како наши со општиот развој на земјата. Доколку вие планирате развој од 6 до 8%, визави бруто домашниот производ да биде и разделот за образование и наука. Само една таква распределба што ќе значи распределба и за образованието и науката, на ниво на процентот што го реализира државата како ЦДП, ќе може на образованието и науката да и гарантира една одржливот и ќе може тоа да го стави во функција на иднината на оваа држава, во функција на иднината на идните генерации. Затоа покрај многуте причини и големото влијание што може да доведе до едно забрзано ниво, јас чувствувам потреба да зборувам за

образованието и мислам дека тоа ќе биде добра среќа и за обрзованието, меѓутоа со услов истиот процент што вие сте го планирале за развој визави ЦДП да се планира и делот што е за образование и наука како една од препораките и политиките што ги препорачува и Светската банка и УНДП и Милениум голд.

Значи целите на милениумите кои што всушност се во функција на општиот развој и другиот дел кој што ме интригира и ме прави на некој начин скептик дека и овој ребаланс на Буџетот, меѓутоа и овој ребаланс настојува да го стесни, или пак да не ги реализира предвидените политики и усогласени политики порано визави вработувањето во целост, меѓутоа посебно вработувањето со правична и соодветна застапеност. Не би го рекол ова можеби на ваков конкретен начин, меѓутоа нема ни час, или два кога ние бевме во една друга сала на презентирање на извештајот од страна на Европската унија и кога претставникот од ДПА господинот Матоши ги кажа во еден контекс, значи на таа комисија кажа дека, нормално во функција на критика на тоа што не е реализирано досега, рекол дека ние оваа година ќе реализираме толку вработувања и правично и соодветно застапување, затоа што сме одвоиле 300% повеќе средства во оваа насока. Доколку не реков точно, прецизно, ќе можете вие да ме поправите. И според ова што го пишува тука, јас сакам да го видам и тоа. Тука со ребалансот и со последниот амандман имаме намалување од 32 милиони предвидени на 25 милиони. И ова јавноста треба да го знае господине Славески затоа што ова подразбира бидејќи се последните два или три месеци од оваа буџетска година, ова подразбира или нереализирање на предвидената динамика на тоа што остана за оваа година во функција на првичното и соодветното застапување во администрација, или пак подразбира неисплаќање на платите, на нивните плати затоа што тие немаат други трошоци, само платите им се скратени, намалени за повеќе од 10 милиони денари. Или пак третото е, а тоа е и најлошото, предвидено е нив да ги исклучите од работа, значи со цел да ги отпуштите од работа, со цел да се адаптира, да се приспособи нивниот трошок со внатрешните буџетски потреби. Јас незнам која е вашата цел, меѓутоа јас ќе ве потсетам господине Славески дека тоа е уставна обврска, е дел од Охридскиот договор. Сигурно дека ние тоа што сме го реализирале досега, значи сме реализирале некаде 16% сме го унапредиле првичното и соодветното застапување во јавната администрација. Тоа не беше лесно и не велам дека се направи можниот максимум, знам дека и вам нема да ви биде лесно, затоа што да се реализира политика за вработување и во функција на правично и соодветно застапување во една социјална клима како што доминира воглавно подолго време овде во Македонија. Јас разбирам дека тоа не е лесно, меѓутоа, сигурно дека ние имаме обврски тоа да го унапредиме и доколку е постигнато 16% досега, вие треба, се надевам со идниот буџет така како што се претендира да има предвидена динамика и да биде во функција на реализација барем други 16% во идните 4 години, затоа што само тоа почитувани дами и господа, само тоа создава лојалност на граѓаните кон државата, само тоа ќе ни гарантира верба во институциите и само тоа, можеби не само тоа, меѓутоа и тоа воглавно е политика која што всушност е земена како обврска во функција на засилувањето, зајакнувањето на социјалната кохерентност и на довербата во оваа држава која што всушност е потребна за сите нас. Затоа жалам што сте ги повлекле средствата од ставката која што и така беше мала, наменета за правично и соодветно застапување од 32 милиони, таа е веќе 22 или 25 милиони, не можам тука во амандманот сега да се снајдам. Значи сте го намалиле тоа во еден момент кога и така имаше потреба да се зголеми оваа ставка и да се реализираат и нови дополнителни вработувања, зашто, како што реков ние не претендираме дека сме го направиле идеалното, не претендираме дека секаде сме постигнале таков процент или пак просекот, некаде можеби е 30 или 35%, некаде останало 10 или 11%, или пак во некое јавно претпријатие уште полошо и за тие што всушност што неможат да се реализираат значи во администрацијата, сигурно дека има простор во во јавните претпријатија да се реализираат затоа што уставната обврска за правична и соодветна застапеност не е само кај администрацијата или пак кај тоа што се нарекува администрација, зошто администрацијата се нарекува и координаторите што се во администрацијата, туку и за јавните претпријатија. Значи, очекувам објаснување од вас господине министер, со цел што ова е наша заедничка обврска и е обврска која што треба да се стави во сила и да продолжи во согласност со нашите определби кои што се заеднички преземени. Кога го велам ова, значи дека со оваа политика може да се види и приоритетот. Јас не сакам да верувам дека тоа што беше нагласено тука, или е коинциденција значи што се повлечени средствата и за амбасадата во Брисел која што всушност надоврзувајќи се сега со последниот извештај од Европска унија кој што има песимистички тон што се однесува на динамиката, затоа што опцијата и европската перспектива и евроатланската перспектива на Европа и на регионот, јас сум уверен дека не се става под сомнение, јас сум убеден дека тоа денес, или утре ќе се реализира, затоа што само европската перспектива ги одржува живи и ќе ги одржува во кондиција сите структури за да продолжат да работат во таа насока. Меѓутоа, секако треба да кажам дека извештајот имаше песимистички и критички тон и кон нашата работа тука завршена, посебно во оваа 2006 година и како таков извештај, значи надополнувајќи ги тука и проблемите што ги има и Европа, секако дека тоа е објективна околност, меѓутоа не е објективна околност и ние самите да дадеме негативен сигнал, со тоа што ќе го прекинеме, или пак оневозможиме градењето на

амбасадата во Брисел како порака на нашата политичка определба визави оваа насока. Мислам дека и тука не е направено добро решение, балансирано решение на Предлогот на ребалансот и сигурно на амандманот, затоа што како што реков и со ребалансот иако неможат да се видат сите долгорочни политики, сигурно дека можат да се види филозофијата, филозофската основа на градење на една политика и тука се разликуваат и се одвојуваат и приоритетите. Значи, приоритет европска интеграција и пораката за прекин на овие средства не е добра порака во оваа насока. Не сакам да навлегувам во другите аспекти што беа дадени тука од страна на понадлежни пратеници за определени области. Сигурно дека ќе застанат на тоа што и вие го рековте во вашето воведно експозе за прижините за нереализација и на економски пораст во согласност со капиталните инвестиции кои што се реализирани тука. Кога велите дека не се постигна тој потребен степен на пораст, земајќи ги предвид и сите констатирате дека се реализира само еден мал пораст во последните месеци. Јас би рекол, несакајќи тука да елаборирам многу аспекти кои можеби влијаеле во оваа насока, и самите решенија понекогаш влијаат како објективна реалност и самите избори влијаат, значи пред и после изборите што е оправдано. Меѓутоа, има еден субјективен елемент кој што всушност вие како министер за финансии би требало да го имате предвид и би требало да им го сугерирате и на другите министри, или пак на другите сектори тие да се реализираат со предвидената динамика, значи порано презумените работи и плаќање на тие што се реализирани. Има информација и тоа средствата за информирање секој ден го ставаат на знаење дека и наспроти реализација на обврските на инвеститорите во некои училишта би нагласил, зошто да не кажам “Зеф Љуш Марку” средното училиште повторно не се реализирани исплатите кон истите инвеститори. Во овој контекс го гледаме и тоа. Значи, со неплќањето, затоа што за нив имало средства во Министерството за образование не се потрошени средствата кои што биле планирани за капитални инвестиции за определените, или затоа што тие со програма. Министерството за финансии не ги пушта тие средства без соодветните процедури, постапки што ги бара законот. Значи, тука имало средства во сите тие раздели и ставки во капиталните инвестиции, значи работата е реализирана, а не е исплатена. И како резултат на тоа објектите останале незавршени. И ова е штета и за учениците, за образованието во целост, меѓутоа, според ова и штета за нереализација на степенот на економскиот пораст во согласност со објективните можности што ги имаме. Не велам дека можеби ќе направевме чуда, меѓутоа треба да кажеме дека еден дел од економското заостанување и економскиот пораст кој заостанува и сите недостатоци без сомнение е резултат на една конфузија, почетна конфузија која што ми се чини дека трае предолго. Тоа е природно во Министерството можеби министрите треба да се запознаат со тековите, со процедурите, со развоите што се таму. Меѓутоа, кога работите се јасни и кога се знае дека постапката е разгледана како што треба, работата е завршена, мислам дека со неисплаќањето на инвеститорот се оштетуваат и учениците и образованието. Меѓутоа, еве вие тука велите дека се оштетува и макроекономската политика, затоа што со неразвојот на капиталните инвестиции заостанува и прогресот и се зголемува каматата и тн. И тоа е еден поврзан круг на економскиот систем кој што вие го знаете многу подобро од мене, со тоа што јас сум бил четири години под притисоците во образованието и логиките на Министерството за финансии, безмалку јас се трудев да научам некои работи и да направам некои промени. Верувам дека министрите кои што имаат врска со растот на јавните трошоци, и сите ја имаат оваа мака, меѓутоа јас сум тука за да им помогнам и ним, значи за да создадат аргументи и пристапи за да ги аргументираат своите нормални барања, затоа што како што знаете образованието е обврска, основното образование е уставна обврска која што образованието гарантира услови за реализација на истото. И во оваа насока мислам дека секој придонес во насока на зајакнување на истово и од причините што ги кажав, значи образованието да го ставиме во функција на целосно општо развивање, не е доволен само секторот за образование, или пак еден сектор да се грижи за ова прашање, туку треба една силна политичка поддршка на целата Влада за реализација на ваквите политики. Затоа што образованието како и секое министерство значи нема цел само за себе и не е само за себе, туку ги имате и препораките од Европска унија, ги имате и препораките од Копенхаген, и од Мадрид и многу други препораки и се знае кои се нивните цели и намери што се однесува на распределбата на финансиските средства за образованието и за науката. И сега се актуелизира и високото образование кое што всушност ќе треба еден одреден ден да се разговара и за тоа, затоа што нема развој. Ние тоа што го имаме всушност, или оваа кондинција која што продолжува на некој начин и што ја имаме сега. Вие знаете дека сакале или несакале да признаеме тоа е резултат на надлежностите кои што се создадени десет, или петнаесет години порано, или пак придонеси дојдени од надвор. Меѓутоа, ние доколку не постигнеме нашето образование да го издигнеме на сите нивоа да биде самостојно, автономно за еден иден развој во иднина, мислам дека малку ќе имаме можност да се надеваме и по тоа прашање.

Четврто прашање што сакав да го елаборирам, исто така е фактот дека со децентрализацијата на некој начин не се засегнува, или пак не се оштетува аспектот на елементите на децентрализацијата, значи средствата предвидени од 810 милиони денари уште на почетокот на Буџетот сега остануваат во таа

квота со едно релоцирање, или едно мало приспособување во владината програма што вие сте ја поднеле. И верувам дека тоа добро сте го направиле, што сте го поднеле и што е во согласност со методологијата на алоцирање на средства која што методологија е усвоена порано и затоа што можам да кажам дека е една од најнапредните методологии и најпогодени методологии што воглавном на крајот на краиштата средствата ги ориентира во образованието и средствата ориентирани се поврзуваат со ученикот што всушност го детерминира основното ориентирање на средствата таму каде што се и учениците, земајќи во предвид и еден дополнителен фактор значи густината на населението за да се сочуваат, да се заштитат планинските места кои што се празнат и кои што доколку неможеме, барем ова беше мотив на една таква формулација и методологија што сме ја усвоиле. Значи, доколку неможеме, затоа што е иреално да очекуваме да се вратат граѓаните од град во село, меѓутоа за да не биде образованието, или основното образование како гарантиран состав да не биде причина за дополнително мигрирање од село во град. Мислиме да изградиме таква формулација, треба да остане како таква и да се аплицира и понатаму, затоа што тоа гарантира баланс, рамнотежа и една вистинска правилна распределба каде што основен концепт е бројот на децата ученици. Тука сигурно со политики може да се анализира едно вакво нешто. Сигурно тоа ќе биде распределбата на средствата пред да се направи втората фаза на децентрализацијата. Имаме многу градови и места каде што средствата распределени за образование, значи за одржување на училиштата се еднакви со средствата кои што се наменети за транспорт, за превоз. Значи, за превоз имаме исти средства колку што имаме за одржување на постојните училишта. Можеби е упатно да се размислува за можност за повторно разгледување на мрежите на школите во овој контекс, затоа што една таква распределба на средствата сигурно дека наметнува логика повторно да се разгледа, дали во некои места ќе треба да се изградат повеќе училишта, со цел да се редуцираат, затоа што средствата за превоз се даваат секогаш, меѓутоа инвестициите во училиштата не се даваат секогаш за да се изградат нови училишта и да не се доделат тие средства за превоз или пак во определени места ја има и спротивната логика. Значи подобро е да се плати 4, 5, или 6 ученици да им се плати за превоз, отколку за едно такво нешто да се држат повеќе вработени, или пак лица кои што се ангажирани во воспитно-образовниот процес. Меѓутоа, ова е прашање на анализи. Јас само го поставувам како можност, затоа што самото тоа произлегува од двете колони, затоа што има простор за да се разгледа повторно едно вакво нешто.

Второ, мислам дека вреди како сугестија, сигурно и како можност која што ние ќе ја бараме, вие гледате дека трансферите во областа на културата, распределбата во областа на културата, балансот, или рамнотежата на овие средства во општините, според општини не е. Значи, некои општини се сосема без средства, а некои општини се со полни квоти. Ова што треба да значи? Ова значи дека во некои општини се трансферирани надлежностите во областа на културата, а во некои општини не се пренесени надлежностите. И тие средства кои што се наменети за таа општина која што тука е нула, нула, нула, значи сеуште се хранат и реализираат од централниот буџет. Додека тие општини кои што всушност тука постојат со полни квоти, ова говори дека тие општини во рамките на своите општини имаат и културни институции каде што тие ги реализираат своите културни активности на локално ниво. Јас знам, вие ќе речете: вие ни го оставивте ова, вие го направивте ова вака, всушност така и е. Меѓутоа, и ние сме имале договор и јас можам тоа да го кажам тука отворено, затоа што ние појдовме од еден постапен пристап на распределба на овие надлежности, посебно во културата, со цел да не овозможиме нивно растурање, или пак да ги загрозиме, да ја загрозиме нивната активност за причини, да го наречам тоа, затоа што култирата е многу чувствително прашање, значи воглавном зависи од буџетските средства и добродојдените донации кај нас сеуште не функцинираат и пристапивме кон една постепена децентрализација Јас мислам дека е време во идниот буџет, тоа се прави со одлука од Владата и нема потреба тука да се проценува кои општини, земајќи предвид дека немаат ниту една институција од локално ниво и тие се подготвени и имаат капацитет да преземат еден дел од културните активности и тие во идниот буџет д се квалификуваат како распределба на средства за нив. Значи, со нивното распределување не се загрозува можноста за егзистенција, туку имаме комплетирање или пак продолжува процесот на децентрализација, би рекол и во културата, нешто што е добра работа и е нешто што вие како мнозинство сега треба да го продолжите, затоа што децентрализацијата е процес.

Во таа сфера треба да придонесеме сите, а културата е тој дел, можеби социјална сфера, како што гледате, меѓутоа таму се воглавном градови и села кои само некои од нив имале среќа да имаат средства од порано, поради што е сигурно дека е потребен еден пристап во реалоцирање на средства во областа на социјалната заштита. Ова прашање сме го покренале и кога сме биле на власт, но мислам дека треба да се доработи и да се изнајде поадекватна формула, затоа што сепак треба средствата што се распоредуваат по општините, што не се засноваат само врз историските места, туку врз основа на тоа каде имало градинки, детски градинки имало, а каде немало, нема да има ни во иднина.

Мислам дека треба да се направи реструктурирање на трансферот на средствата

во Министерството за труд и социјална политика, со цел да и тие се распределат по основ “по глава на дете”. Средствата што се добиваат пер капитум. Ова е малку потешка операција, признавам, но со добра волја и со желба да се прикаже децентрализацијата како успешен модел во Република Македонија и како политика, мислам дека треба да се придонесе и да се стремиме кон една таква политика, да се комплетира, да се изгради, да се надгради бидејќи мислиме дека само така е модел со кој што Македонија може да влезе, всушност стана кандидат на Европската унија. Не е доволно само да се каже реализација на Охридскиот договор, каде главен дел е децентрализацијата, и е тоа што го отвори патот на Македонија кон Европската унија. Мислам дека исто така оваа работа ќе го отвори и понатаму патот на Македонија кон Европската унија, а тоа е надградбата и зајакнување на децентрализацијата.

Меѓутоа, мислам дека е ова дел на нашите консензуални политика, па се надевам дека тоа ќе продолжи да го трасира патот на Република Македонија кон Европската унија. Колку и да е долг тој пат, како што ни изгледа нам, моделот на децентрализација, како модел на решавање на меѓуетничките проблеми во едно општество, особено во нашето мултиетничко општество, мислам дека е една од оние рамки што се очеккува од нас. Тука не се очекува ние да правиме мерцедеси или пак “Сименс”, да градиме авиони или не знам што, туку од нас се очекува да потврдиме дека знаеме да разговараме меѓу себе, знаеме да ги решаваме меѓуетничките проблеми и знаеме да негуваме доверба, разбирање. Европа има волја и потреба за едно вакво разбирање, бидејќи Европа е унија на малцинства, како што кажа Романо Проди на едно предавање. Така што потврдувањето на овој модел и посебно афирмацијата на градење на овој модел на децентрализација, како што тоа го направи минатата Влада кога го отвори патот кон Европската унија, дека повтроно ќе биде нашиот главен инструмент да продолжи патот на приближување кон Европа.

Колку и да правиме економски платформи, се знае колкав е капацитетот на една држава од два милиони жители. Тој треба да се труди само да преживее.

Да се вратам на темата. Мислам дека ова се прашања што во целост, јас би сакал да ги потенцирам и нагласлам во делот кога расправаме за општите прашања, можеби некому од вас ќе изгледа кога разговараме за вакви прашања како да не се дел од темата, меѓутоа јас не мислам дека постои посоодветна и попогодена тема за да се анализираат и разгледуваат сите политики отколку делот на политиката или делот од расправата, кога се говори за Буџетот, па било да е тоа и ребаланс.

Сите политики може да се реализираат доколку има цифри и средства. Попусто е да правиме демагогија и какжуваме зборови, доколку секоја политика, не случајно е тука ребалансот, но тој е за сите области за целата држава и е добра можност уште еднаш да се потсетиме и на другите аспекти на нашите политики што се во однос на тоа што е наша консензуална определба, интегрирачка политика во Европската унија и НАТО, затоа што тие политики не се суви политики, политики сами за себе, туку проценката на тој пат се прави како ние ја регулираме социјалната политика, образованието, правичното и соодветно застапување и како ги вршиме работите во децентрализацијата, како модел во Македонија.

Затоа, ова што го кажав треба да се разбере во таа насока и во делот на амандманите ќе ми се дозволи дополнително да ги кажеме и тие аспекти што ги содржи амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има министерот Трајко Славески.

Повелете господине Славески.

**Трајко Славески:** Сакам да истакнам дека е големо задоволство и чест кога, за прашања што се за сите, има интерес на одделни области во Република Македонија што задираат во секојдневниот живот и во Република Македонија како повеќе национално општество, човек може да разговара со компетентни соговорници кои вршеле одговорни државни функции.

Од името на Владата на Република Македонија и од мое лично име, од име на вработените во Министерството за финансии навистина сакам да се заблагодарам на многу конструктивните идеи и препораки што беа овде изнесени во дискусијата на пратеникот Положани. Само на кратко телеграфски, бидејќи чувствувам дека тоа го налага и времето, периодот во кој што работиме, ќе одговарам на некои од неговите поставени прашања.

Во врска со правичната застапеност, сакам да спомнам дека е определба на оваа Влада и сите инструменти се ставени во фукција овој процес не само да го продолжи, туку и да го продлабочи. Сите граѓани на Република Македонија да бидат задоволни со својот статус за да можат да се реализираат онаму каде најмногу можат да ги искажат своите потенцијали.

Чисто како економист и во разговор со претставници на партијата на господинот Положани, имам кажано, можеби е тоа илузија, дека ќе дојде ден во Република Македонија, затоа што навистина земјата тргнала кон сериозни економски реформи, кога приватниот сектор ќе биде главниот понудувач на шанси за младите, во јавниот сектор колку што сега притискаме, нема да биде многу атрактивен. Можеби ќе имаме проблеми за привлекување на адекватни профили од било која етничка заедница да се во Република Македонија. Но, да оставиме времето тоа да го покаже.

Господинот Положани изнесе многу корисни сугестии во врска со Буџетот за 2007 година, за што сум, навистина, посебно благодарен.

Структурата на Буџетот, капиталните расходи, како примат или развојната компонента на Буџетот се она кон што навистина ќе се стремиме. Научивме од грешките на претходната Влада. Министри од претходната Влада не зборуваа меѓу себе. Одделни ресори не можеа да се координираат.

Зошто не се реализираа капиталните расходи? Затоа што капиталните расходи можат да се реализираат како што се планирани единствено доколку навистина постои висок степен на координираност помеѓу институциите што ја сочинуваат Владата и оние институции што се нивна поддршка, Катастарот и другите институции. Ние тоа ќе го надминеме. До крајот на годината ќе се видат вистинските резултати и на планот на реализацијата на овие капитални расходи.

Во областа на образованието, во една прилика во друг контекст имам кажано дека доколку би бил во состојба би истурал пари во образованието, особено во оние делови во образованието што се наменети или служат да создаваат подеднакви шанси на сите граѓани на Република Македонија, за сите социјални групи за сите етнички групи, особено во основното а и средното образование. Сега гледам дека, што посебно сакам да го потенцирам, многу сум охрабрен од претходната дискусија, навистина имаме сериозни партнери во опозицијата или дел од опозицијата за она што Владата на Република Македонија наскоро ќе го започне како процес. Ќе предложиме уставни измени во склоп со нашата програма, каде што и средното образование ќе биде задолжително. Затоа во наредните месеци ќе ги направиме сите подготовки и ќе очекуваме поддршка за промена на Уставот каде што покрај основното ќе биде ставено како задолжително и средното образование за што очекуваме поддршка од сите пратенички групи во ова Собрание.

Господине Положани, за 604 милиони денари е зголемен Буџетот со овој ребаланс во образованието. Ние не можевме да разбереме една работа, зошто ставки кои на пример се потрошувачката на електрична енергија, затоплување и слично, во претходниот Буџет биле потценети. Овие институции не се фабрики кои што ако имаат зголемена побарувачка, ќе го згоелмат производството и ќе ја зголемат потрошувачката на електрична енергија. Со сигурност можеме да процениме колку едно училиште, или една друга установа ќе потроши во наредната година за електрична енергија. Како се случи во текот на оваа година училиштата да можат да ги платат сметките само за неколку месеци.

Сега во тој контекст, со мала дигресија, сакам да одговорам на една забелешка што беше спомната од господинот Поповски, поранешен министер за финансии.

Тој рече, наводно поради строгите буџетски процедури кои се регулирани со закон, можело да се потроши само она што е предвидено. Да, ама на хартија. А што ако нема средства да се платат сметките за нормално функционирање на установите, да не прекине работата, течат трошоците, се трупаат неплатените сметки. Јас вчера спомнав и сега ќе кажам уште еднаш, навистина потребно беше разбирање, требаше приоѓање кон претпријатијата кои даваат комунални услуги, да почекаат на она што сега го работиме, да го почекаат ребалансот, да не ја прекинат електричната енергија, да не го прекинат затоплувањето, за да можат денес и во овој момент кога зборуваме, нашите училишта да работат и учениците да ги извршуваат своите обврски.

Кога станува збор за прашањето за правичната застапеност, ќе кажам дека наскоро во овој Парламент, до крајот на месецот ќе стигне и Буџетот за 2007 година. Да споменам дека ова е прв пат во поновата историја на Република Македонија, по осамостојувањето, кога се менува власта, новата Влада да предлага буџет за наредната година, во тековната година. Секогаш сме имале ситуација на доцнење, така што наредната година се започнуваше со времено финансирање на активностите. Значи овој Парламент ќе добие Предлог на Буџет, што се надевам дека ќе го донесеме уште во првата половина на декември, нема сите да чекаме со нервоза последните денови на декември да дискутираме за Буџетот на Република Македонија. Во тој Буџет, почитувани господа, ќе видите дека средствата за рамноправна застапеност на заедниците во Република Македонија, се зголемуваат како што рековте за 300%. Од постојните 45 милиони денари се зголемуваат на преку 150 милиони денари.

И она што го должам како објаснување, зошто сега имаме намалување на таа ставка за оваа година. Од едноставна причина што се задоцни со вработувањето, не по наша вина, ние од првиот ден зборувавме за ова прашање, на стоте примени преведувачи на албански јазик кои треба да бидат распоредини во институциите. Овие преведувачи ќе бидат вработени од почетокот на декември и првата плата ќе ја примаат во текот на наредната година. Значи внимателни пријдовме на ова прашање затоа што, најискрено веруваме во она што претходно го спомнав и во никој случај нема да кратиме, или да не одговориме на некои обврски од кои сите имаме корист.

И конечно, не одговорив претходно на забелешката за амбасадат во Брисел. Познато ви е дека поради потреба од некои дополнителни нотарски работи, плаќањето нема да се изврши целосно во текот на оваа година, за оваа амбасада. Од наредната година, бидете спокојни, мисијата на Република Македонија која ќе биде во Брисел ќе има простории кои беа планирани уште во Буџетот за 2006 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Положани.

**Азис Положани:** Сигурно дека нашата цел тука била и останува да бидеме во функција на разјаснување на политиките, во интерес на граѓаните. Доколку некој, за жал, разбрал дека ние тука сме само да правиме тоа што некогаш ни се импутира, мислам дека греши и ќе греши. Јас ја имав таа дискусија која беше во духот на интересот на граѓаните.

Второ, јас господине Славевски, сигурно дека ве почитувам и како професор на Универзитетот, меѓутоа мислам дека не ви беше точно тоа што рековте дека министрите не разговарале меѓу себе, затоа што јас сум еден од тие и морам да ве демантирам. Јас не знам за таква ситуација да не сум комуницирал или разговарал со некој министер. Значи ова е нешто што е кажано со непотребен цинизам. Не може една Влада да функционира доколк министрите меѓу себе не комуницираат. Значи повеќе да не се кажува нешто што не е вистина.

Што се однесува до прашањето што го поставив, за тоа што се случи што сега училиштата ги плаќааат трошоците за струја. Да, се случи нешто добро, се случи нешто што ќе и причинува задоволство и на Македонија, се случи тоа што јас разговарав и инсистирам да продолжам да разговарам. Значи се случи децентрализација, господине Славевски. Децентрализацијата е пренесување на надлежности, меѓутоа и одговорност. Уште кога јас бев како министер, со тие надлежности што ги имав, видов, а ќе се увирите и вие дека децентрализацијата како пренос на надлежности решава многу прашања кои ги оптоварувале и општествените, меѓутоа и економските процеси во Република Македонија и не случајно е главен дел на реформите и не случајно е тоа што Македонија е лидер во југоисточна Европа и не случајно ние инсистираме да продолжи со потребниот квалитет и уште повеќе да се прошири, а не да се настојува да се одземат надлежностите, како што прочитав дека се случило и доколку е тоа вистина со случајот во општина Желино, од страна на министерот за образование. Тоа не не води напред, тоа не враќа само назад.

Што се однесува до вработувањето и правичната и соодветна застапеност, мислам дека треба да се продолжи со предвидената динамика и уште и зголемена, ако може во идниот буџет. Ние ќе ги следиме овие прашања кои се поврзани со овие наши политики. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Веле Митановски. Повелете.

**Веле Митановски:** Благодарам господин претседател, почитуван министер Славевски, почитувани колеги пратеници,

Предлогот за измени и дополнувања на Буџетот го предизвика и моето внимание и вниманието на колегите од Нова социјалдемократска партија, кои исто така како и јас ќе го гласаат, пред се, поради следните причини:

Документот ја најавува политиката на Владата за идната година, како добар старт за економско заздравување и јас би ги молел претставниците на Владата, така како што ги прифаќаат добронамерните забелешки или предлози, пофалени од господинот Положани, истото тоа да го примаат и од другите пратеници, без разлика дали се од позицијата или опозицијата, бидејќи ќе го подготвуваат документот за догодина и сите добронамерни работи ќе им бидат од драгоцена корист.

Овој документ ги трасира стратешките правци на дејствување на владините политики, во прилог на, како што и овде беше кажано, подобра деловна клима, што јас исто така го поддржувам.

Понатаму, го одразува, или се согласувам дека го одразува реформскиот капацитет на Владата во целина и посебно што мене ме радува, во оние делови на кои се потпираше и изборната програма на НСДП, како што се здравството, унапредувањето на земјоделието, економското заживување, социјалните трансфери итн.

Понатаму, ја обезбедува натамошната трансформација на безбедноста и одбраната, во духот на стратегискиот одбранбен преглед, доближувањето до стандардите и структурите на НАТО во целина и особено во делот на потрошувачката на парите односно средствата на даночниците.

Понатаму, обезбедува средства во Секторот на радиодифузијата, согласно постојниот закон односно во прилог на заздравување на состојбите во јавниот сервис МТВ, чии вработени оставени без грижа на државата се на добар пат да влезат во хаос и без излез по примерот на некогашното новинско издавачко претпријатие “Нова Македонија”.

Пред неколку часови таква задача, сакам да потсетам, добивме и од Европската унија преку европретставникот господинот Фуере. Во овој контекст, слободен сум да ги афирмирам аргументите на Владата во делот на објаснувањето за потребата од измени и дополнувања на Буџетот, вклучително и амандманите, пред се од аспект на движењата во макроекономската политика, област за која во мислењето на Европската комисија слушнавме во основа позитивни мислења. Сепак, ќе наведам, за остаток на порастот на индустрското производство некаде за 2,8% во однос на проектираната стапка од 4,1%, сеуште непостигната избалансираност на извозот со увоз, за остаток од некаде 2%, со што и натаму се зголемува дефицитот во размената со странство. Натаму, движењата во социјалната сфера и за жал, благото поместување на работната сила и на крајот отстапувањата во поглед на инфлацијата, некаде 3,3% наместо проектираните 2 за осумте месеци, што барем од аспект на новата економска политика на НСДП не е алармантно, бидејќи нашата концепција е инфлација на годишно ниво од 4 до 5% како индикатор за позабрзан економски развој.

Почитувани колеги, нашата пратеничка група ќе ги поддржи измените и поради фактот што во

делот на фискалната политика со нив се обезбедува проектираната макроекономска стабилност, релаксирана монетарна политика и стабилизација на нивото на јавниот долг, за што говореше господинот министер, а за што пред неколку часови исто така слушнавме во основа позитивна оценка на Европската комисија.

Како пратеник од четвртата изборна единица, дозволете да ја издвојам како земјоделска, јас посебно сакам да ја нагласам определбата да не се ревидира во основа фискалната рамка утврдена со Буџетот, во услови кога почнуваме со примена на законското решение, што самите ние го усвоивме, за намалување на ДДВ кај земјоделските репроматеријали. Сепак, не сум пресреќен со намалувањето од 10% со амандманите, иако сакам да му верувам на господинот министер дека нема да биде загрозена директната поддршка на земјоделците. Како и да е, ако се иземат зголемвуањата за трансферите и сервисирањето на социјалната сфера, како и трансферите до единиците на локалната самоуправа, тогаш во основа навистина можеме да говориме за буџет со развојни компотенти или барем за таква најава за кроење на буџетот до година, што секако го поздравувам, пред се од аспект на стратешките интереси на земјата, но ако бидеме помалку лични и од аспект на она што им го говоревме на граѓаните во изборната кампања и за што ги добивме нивните симпатии и наклонетост.

Во таа насока, доколку се остави простор, господине министер, не е лошо сепак да се ревидираат сите можни непродуктивни трошоци, се разбира, ако има простор и можност за тоа. За тоа повеќе елементи има во делот на описот на реформите и кај земјоделието, страница 29, преку адекватна потрошувачка на донаторската помош, преструктуирање на водостопанските претпријатија и сл., за што НСДП низ актвностите на адекватните комисии, како и кадрите ангажирани во овие сектори, ќе го даде својот максимален придонес. Секако, и во општиот економски развој низ проекцијата на Министерството за економија за забрзан економски развој преку едношалтерскиот систем, ниските оданочувања на странските инвестотори од почетокот на наредната година, либерализацијата на извозот и увозот и тн. Секако и со отстранување на бирократските бариери, за што исто така пред неколку часови добивме “заушки” од господинот Фуере.

Почитувани колеги, дозволете ми уште еднаш да ги апострофирам политиките на Министерството за одбрана, иако беше говорено денес доста за тоа, а говоревме и јас и останатите колеги во матичната комисија. Тоа особено добро го елаборираме во делот на планирањето и финансирањето на примарните приоритети врз основа на методологија компатибилна со НАТО стандардите. Заклучивме дека таквиот приод би требало да го сугерираме и на останатите сектори, пред се во безбедносните структури, односно во Министерството за внатрешни работи. Се надевам дека таквата политика на Министерството за одбрана ќе ги неутрализира евентуалните негативни ефекти од Интервенциите со владините амандмани, за што денес исто така станувааше збор.

Исто така, ги поддржуваме мировните и хуманитарните мисии што ги остварува Министерството за одбрана, модернизацијата и професионализацијата, заедно со активностите на новито Сектор за интеграција во НАТО, потоа новиот концепт на гранично обезбедување со сите резерви, слабости и заплашувања за кои станувааше збор, проектите на Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и тн. Со владините амандмани поместувањата на износите, барем според моите перцепции во овој дел, не се драстични.

На крајот, ако ми дозволите уште за една област, што мене по вокација ми е блиска, а тоа е радиодифузијата. За тоа повеќе ќе говорам кога ќе ги усвојуваме измените и дополнувањата на Законот за радиодифузија. На ова место сакам само да го поздравам Ребалансот со 233 милиони денари, страница 218 од основниот документ-Радиодифузна дејност, наменети за исполнвуање на обврските од постојниот Закон за радиодифузија. Станува збор за средства за Македонската телевизија, Јавното претпријатие за пренос на сигналите и Советот за радиодифузија како регулаторно тело. Добро е што Владата во овој дел амандмански не интервенира и од аспект на мислењето на Европската комисија, што исто така денес ни беше соопштено од господинот Фуере.

Почитувани колеги, ова Собрание е основач на Македонската телевизија. Од тој факт нема бегање, државата мора да ја води грижата за јавниот сервис. Друго е прашањето дали колективот, пред се раководниот менаџмент, се доволно свесни или не за општиот економски амбиент во земјата. Има најави за ненаменско трошење, но тоа ќе им го оставиме да го утврдуваат компетентните органи. Ние да говориме за нашите обврски, свесни дека и контролата исто така е наша.

Што се однесува пак до инструментите, тие се познати и за жал ограничени: или буџетска поддршка на овој начин или инструменти за собирање на претплатата. Во услови кога нивото на претплатата се симна под 10%, според најновите податоци дури 5%, останува буџетската поткрепа. Јас знам дека ќе добиеме критика од комерцијалните и радио ТВ станици, од каде со право ќе не обвинат за стеснување на медиумскиот плуралистички простор, особено ако се стават во соодност влијанието на јавниот сервис и поддршката од средствата на даночниците. Но секаде во светот е така, јавниот сервис се финансира и во земјите на Европската унија, некаде од буџет, некаде од претплата, во најчест случај од двата извори, иако има земји каде не се издвојува претплата, ќе ги наведам Бугарија, Белгија, Литванија, Шпанија, Унгарија, каде единствени извори се буџетите и

маркетингот, како што има и мал број земји кои не издвојуваат од буџетот. Во секој случај, јавниот сервис мора да биде финансиран од јавноста, зашто е наменет за јавноста, но да е контролиран исто така од јавноста преку инструментите што ги пропишува државата, во нашиот случај основачот, Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Поради мои протоколарни обврски, нешто порано ќе ја завршиме оваа седница.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина во 17,35 часот)